# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 28 јуни 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Претставникот на Владата исто така.

Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Јанаќе Витановски, Ванчо Георгиев, Игор Ивановски, Весна Борозан, Каролина Ристова, Абдулад, Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Илија Србиновски, Али Ахмети, Џевдет Шаќири, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На точка 15 сме - **Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање.**

Застанавме на амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачот има 5 минути да се пријави, инаку ќе преминеме на следната точка.

Значи, одиме на амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 ставови 3 и 4 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, јас би го замолил министерот да го прифати првиот дел на амандманот во однос на ставот 3 каде што се менува терминологијата од "лиценциран" во "овластен".

Вториот дел на амандманот поради техничка грешка го повлекувам во име на Комисијата.

**Љупчо Јордановски:** Кажете ми како тоа да го направиме. Не може да се прифати прв дел, втор дел да не се прифати. Или се прифаќа, или не се прифаќа амандманот. Или пак министерот може да поднесе амандман бидејќи има право како предлагач до крај на расправата, за првиот дел на амандманот ако веќе сакаат да го прифатат, инаку амандманот не може да се дели на два дела. Имате еден амандман и тој се става на расправа, дали го прифаќате или не.

Повелете господине министер.

**Џемаил Мехази:** Токму поради оваа причина не беше прифатен амандманот. Логично е првиот дел да се прифати поради тоа што е поврзан со претходниот амандман кој беше надгласан. Но, вториот дел навистина е неприфатлив предлогот од Комисијата, бидејќи со овој предлог од страна на Комисијата за ревизијата со законот создаваме тесно грло и законот нема да биде применлив и почитуван во пракса.

(Господинот Томе Тромбев реагира од место за да се прифати првиот дел на аманаманот).

**Љупчо Јордановски:** Господине Тромбев како тоа првиот дел да го прифатат, вториот да не го прифатат. За што ќе гласаме сега. (И понатаму реакција на господинот Томе Тромбев од место).

Не е точно, јас додека сум претседател такво нешто не се случило. Како ќе гласаме сега за вториот дел. Можеби вториот дел сака Собранието да го усвои.

**Томе Тромбев:** Амандманот има два става.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е еден амандман господине Тромбев, а ако внатре сте направиле два става тоа е веќе друго. Вие требало да ги одвоите тие два става како два амандмана. Според тоа јас предлагам ако има време Министерството да поднесе амандман за првиот дел. Владата да поднесе амандман за првиот дел.

Амандманот не се прифаќа, ги молам пратениците да влезат во салата.

**Томе Тромбев:** Претседателе и министерот го прифати ставот 3. Промената е од техничка природа. Ставот 4 јас го повлекувам во име на Комисијата. Чиста ситуација.

**Љупчо Јордановски:** Не е чиста ситуација, бидејќи тоа е во еден амандман. Затоа министерот, предлагачот има право да го поднесе амандмани каде што ќе каже ова што вие сте го ставиле во првиот дел, ставот 3, дека таков амамандман поднесувате.

**Томе Тромбев:** Претседателе, во тој случај процедурално барам пауза во име на Комисијата за транспорт и врски, поради амандмани од минатата недела, со Владата да го усогласиме текстот.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре дали вие сакате да поднесете амандман за првиот дел?

Тоа е еден амандман со кој две работи се регулираат. Јас деловнички не можам амандманот да го делам на два дела. Треба да гласаме, а како ќе гласаме сега за вториот дел дали се прифаќа амандманот.

**Томе Тромбев:** Согласно член 166 од Деловникот за работа на Собранието, барам пауза од 15 минути.

**Љупчо Јордановски:** Пауза од 15 минути, ама пак нема да ви го прифатам ако не го поделите во два амандмани.

(Пауза од 11,08 часот)

(По паузата седницата продолжи во 11,30 часот).

**Љупчо Јордановски:** Констатирам дека е постигната согласност да се подели овој амандман. Но бидејќи предлагачите само имаат право, јас овој амандман ќе го оставам на страна кога пред гласањето ќе го вратам амандманот, всушност, со новата верзија на амандманот. Затоа поминуваме на амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на став 4, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, поради тоа што и со овој предлог веќе централизираме, значи му даваме можност само на еден орган, а не оди во доменот на база на политиката на Владата, значи децентрализација на власта и давање можност и ингеренции на локалната власт, да одлучува за одредени работи.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, амандманот што го предлагаме со госпоѓата Лепиткова и со господинот Голомеов се однесува на вршењето на стручната ревизија за изработна на детални урбанистички планови, каде што овластувањето за таа стручна ревизија, треба да ја врши Агенцијата за планирање на просторот, затоа што сметаме дека најсоодветната и настручната ревизија во делот на изработените детални урбанистички планови, финансирање на градот и општините, треба да ги врши Агенцијата. Затоа ги молам колегите пратеници да го поддржат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема никој пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 14 за амандманот, 2 воздржани, 39 против амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Исто така не се прифаќа со цел како што реков и за претходниот амандман дека политиката на Владата е давање можност на идните градоначалници за формирање во неговите ингеренции на стручни органи во делот на просторно и урбанистичко планирање, да им се даде можност за повлексибилно и поажурно работење во делот на побрзо носење на просторните и урбанистички планови, така што, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе.

Ова е еден од најсуштинските амандмани кој што го даде Комисијата за транспорт, врски и екологија. Најпрво, во првиот дел се брише "или дел од плановите". Дел од плановите ниту се уставна категорија, ниту се предмет на обработка на овој закон. Никаде ги нема ни во влезниот дел на законот.

Од друга страна, со овој амандман се брише делот на издавање на мислење, кое што не е обврзувачко од страна на органот, надлежен за уредување на просторот и се пропишува согласност за сите хиерархиски поставени планови, кои се поврзани со Просторниот план на република Македонија и генералните планови, деталните планови и сите останати планови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Во насока на поддршка на овој амандман од Комисијата за транспорт, врски и екологија, сакам да кажам и да надополнам дека во услови на децентрализирани надлежности, државата треба да има контрола врз урбанистичкото планирање.

Сакам да го цитирам и членот 3 од законот каде што изработувањето, донесувањето и спроведувањето на Просторниот план и на урбанистичките планови, се работи од јавен интерес. Ако веќе се работи од јавен интерес, навистина, треба државата да има контрола и министерствата за екологија и за транспорт и врски, во однос на просторните планови, во однос на урбанистичките планови, наместо мислење да даваат согласност.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска, повелете имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Ова исто така претставува контрола во делот на деталните урбанистички планови, каде што мислењето во став 2 стои "мислење", а додека сите процедури околу другите урбанистички планови "е согласност". Мислењето не е обврзувачко, додека согласноста е обврзувачки. Затоа сметам дека еден од посуштинските амандмани во овој закон треба да биде овој став 2 од член 25 да се измени "мислење" со "согласност". Има еден слчен друг амандман, наредниот амандман, затоа што амандманот на Комисијата за транспорт и врски е поопфатен во член 25, во делот на измените. Мислам дека колегите пратеници треба да го прифатат овој амандман на Комисијата за транспорт и врски, амандманот 3 на членот 25, за менување на ставовите 1 и 2.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ѓоргиев.

**Драган Ѓоргиев:** Благодарам претседателе.

За да не ги издвојуваме урбанистичките планови, почнувајќи од генерален, па неделен урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место, за да имаме исти третман и за да имаме по вертикала обврска а не мислење, затоа што кога некој повисок орган дава мислење, тоа не е обврзувачко и заради обезбедување на контрола од страна на државата, по таа верикала потребно е и неопходно да биде согласност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Министре имате збор, повелете.

**Џемали Мехази:** Се пријавив со цел да објаснам и на јавноста и на господата пратеници, во смисла на делот што се повикуваат на повеќе контрола на урбанистичкото планирање. Секако, носењето на деталните урбанистички планови се носат во согласност со Генералниот урбанистички план и се носат од страна на Собранието на општините. Така што, овие органи на ниво на општините, доколку не ги оценат како дел од власта и со тоа дека едноставно, со контролата од централната власт, значи дека сето ова неприфаќање оди во домен на побрзо, поефикасно и пофлексибилно работење, носење на деталните урбанистички планови, во делот, да не доаѓаме во ситуација како што досега беше и во праксата, да остане Министерството како тесно грло, дека едноставно, не може низ цела Република. Ставот на Владата е дека собранието на општината пофлексибилно и побрзо и подобро ги лоцира во делот на Деталниот урбанистички план. Секако, Деталниот урбанистики план се носи во согласност на Генералниот урбанистички план. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 49 за,1 воздржан, 14 против.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Амандман на членот 25 став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратениците Цветле Јаневска, Драган Ѓоргиев и Соња Лепиткова кои се точки 22 и 23 од списокот на амандманите по кои се води претрес се со иста содржина.

Според тоа, отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Цветле Јаневска, Драган Ѓоргиев и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот поради тоа што е поврзан со претходниот закон и мислам дека најверојатно ќе биде повлечен од предлагачите.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи претходниот амандман се усвои од Комисијата за транспорт, врски и екологија, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 2 и став 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 7, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 4, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 алинеи 7 и 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Влаата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 ставиви 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 46, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овојамандман се согаси повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа ис танува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 ставови 2, 3 и 8, за бришење на став 7, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 за додавање нов став 9 по ставот 8, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспот и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 4, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Овој амандман се однесува за решението за локациски услови се замени со зборовите "услови за градба" затоа што со ова решение за локациски услови, мислам дека многу ќе се покомплицира издавањето одобрение за градба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 за амандманот, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 за менување на насловот на членот на ставовите 1,2 5 и 6 и за бришење на ставовите 3,4 и 7, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 9 гласале за, нема воздржани, 51 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 3 алинеја 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се бара во членот 52 став 3 за добивање решение за локациски услови, се поднесува барање и тоа, доказ за сопственост на градежно земјиште, доказ за право на долготраен закуп на градежно земјиште, или договор за концесија, или акт за заснована комунално-техничка служба за спроведување на инфраструктурни водови, телевизиски кабли на туѓо земјиште и овдека предлагам да се додадат и зборовите "или договор за заедничка градба", затоа што сметам дека освен сите овие докази, ако се има договор за заедничка градба, можат да се стекнат локациски услови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам петресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 10 за, 4 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1 алинеја 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 за бришење на став 7, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, поради тоа што како политика при работата и носењето на одлуки за градење, за урбанистичко планирање, во конкретниот случај за издавање решение за локациски услови е предвидено во став 7, надлежниот орган што го донесува решението за локациски услови псимено ги информира за содржината на решението непосредните соседи за градежната парцела за која се донесува решението.

Значи сето ова се прави со цел за повеќе транспарентност на работата при носењето на одредбите во овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Знаеме дека во процедурата за донесување на деталните урбанистички планови задолжително е спроведувањето на јавна расправа и јавна анкета. Мислам дека со самото тоа е исполнето загарантираното уставно право на граѓаните да се произнесат и да дадат свои сугестии и согласност за донесување на Деталниот урбанистички план. Поради тоа, решението за локациски услови мора да ги задоволува сите пропишани параметри, согласно Деталниот урбанистички план, за кој граѓанинот веќе се изјаснил на јавна анкета и мислам дека нема потреба од повторно вклучување на непосредните соседи како странки во водење на управна постапка, ако воопшто, со овој член таа е овозможена, затоа што од членот 7 навистина, нема дефинирано што после тоа, откако непосредните соседи ќе бидат писмено информирани за содржината на решението за локациски услови. Дали и непосредните соседи откако писмено ќе бидат информирани, имаат право на некоја управна постапка, значи право на жалба на некој орган, или немаат, или се само едноставно писмено информирани и ако е само тоа, не гледам во што е тука придобивката, или добивањето на транспарентност, ако бидат само писмено информирани додека соседот добил решение за локациски услови како што треба да ги исполни за градба на објектот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 10 за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 8 гласале за амандманот, еден воздржан и 45 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за менување на став 1, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

**Илија Китановски:** Благодарам.

Членот 54 според нашиот амандман треба да се менува ставот 1 од овој член. Тој треба да се менува и гласи: "Решението за локациски услови за градба важи се додека има важност актуелниот детален урбанистички план врз основа на кој истите се издадени". Се мисли на локациските услови. Мислам дека, иако на прв поглед овој амандман изгледа доста револуционерно, сметам дека е доста практичен и се усогласува текстот на законот со важечката планска документација односно посебно со важењето на деталниот урбанистички план. Сметам дека решението за локациски услови и локациските услови како такви воопшто не имплицираат веднаш можност за градење, така што штом еднаш барателот добил решение за локациски услови, мислам дека не мора да биде ограничен со пократок рок од рокот на важење на деталниот урбанистички план, врз основа на кој му се издадени тие локациски услови. Значи, само ако се промени деталниот урбанистички план, можат да се променат тие услови локациски и да се дојде до промена на решението, затоа, предлогот е траењето на важноста на решението за локациски услови да биде колку што е и траењето на деталниот урбанистички план во моментот на поднесување на барање за решение за локациски услови.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55пратеници, 8 гласале за амандманот, нема воздржан и 47 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 и 2 за бришење на ставовите 3, 4 и 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** И овој амандман се однесуваше на тоа за да се изврши решението за услови за градба и да се замени со зборовите "само услови за градба" затоа што и од претходните амандмани видовме дека многу ќе биде покомплицирана постапката за издавање на одобрение за градба, затоа што комплицирана е и постапката за издавање на решение за услови за градба, односно за локациски услови. А, каква ќе биде постапката за одобрение за градба, ќе видиме откога ќе се усвои овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 6 за амандманот, еден воздржан и 53 против, а во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 2 во првата реченица и на ставовите 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за бришење на став 1, и за менување на став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 6 гласале за амандманот, еден воздржан и 53 против, а во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за менување на став 2 поднесен од пратениците Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 56, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски, повелете имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе,

Сите овие амандмани што беа поднесени за овие три, четири, претходни амандмани од моја страна се однесуваат за решението за локациски услови. Еве, сега, со овој амандман се предлага повторно да се бришат овие решенија за локациски услови, затоа што со член 56 се кажува дека "трошоците направени за добивање на решение за локациски услови припаѓаат на товар на барателот. Висината ја пропишува Министерството", така што сепак повторно кажувам дека ќе се комплицира целокупната постапка за издавање на одобрение за градба.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 9гласале за амандманот, нема воздржани и 51 против, а во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 58, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе,

Значи, веќе навлегуваме во темата надзор над Законот за просторно и урбанистичко планирање и тоа во инспекциски надзор. Предлагам само урбанистичките инспектори од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да вршат примена над овој надзор, а не и општинските урбанистички инспектори. Се надевам дека на ваков начин ќе се воведе уште поголема контрола врз надзорот над работата и за спроведување на урбанистичките планови, меѓутоа и за спроведување на самиот закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 6 гласале за амандманот, 4 воздржани и 46 против, а во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 59, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе,

И овој амандман не е во Главата за надзори. Поточно, во член 59 се дефинира дека доколку општината не овластила општински урбанистички инспектор за вршење на работите утврдени со овој закон, работите ќе ги врши урбанистичкиот инспектор на сметка на општината до овластување на општински инспектор. Значи и со пртходниот и со овој амандман предложив само работата и надзор, инспекцискиот надзор да ги вршат урбанистичките инспектори од Државниот инспекторат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам**.**

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеници, 8 гласале за амандманот, тројца воздржани и 40 против, а во салата се присутни 64 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 47 пратеници, 4 гласале за амандманот, двајца воздржани и 41 против, а во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски имате збор:

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман предлагам легитимацијата на општинскиот урбанистички инспектор, како што е наведено во член 61, не ја издава и не ја одзема градоначалникот на општината или на градоначалниците на општините во Градот Скопје и целиот тој дел да се брише, за да постојат само легитимации на државните урбанистички инспектори.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 44 пратеници, 7 гласале за амандманот, двајца воздржани и 35 против, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 62, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседтеле,

Доаѓаме до член 62 каде што се кажува "за дејствијата утврдени во член 24 и 25 на овој закон градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје, и градоначалниците на општините

во Градот Скопје, се должни на барање на општинскиот инспектор да му овозможат во определен рок да изврши увид во документацијата од постапката за донесување на урбанистичките планови. Сега, од една страна имаме од страна на градоначалниците поставување на општински урбанистички инспектори и откако тие ќе ги постават општинските урбанистички инспектори, градоначалниците ќе бидат должни на општинскиот урбанистички инспектор што самите го поставиле да му дадат на увид документација и општинскиот инспектор што е назначен од градоначалникот да проверува дали градоначалникот ја врши работата согласно законот во однос на урбанистичките плановиј". Затоа, кажав, од неколку претходни амандмани дека целата оваа работа, целиот надзор треба да го вршат државните урбанистички инспектори. Само на тој начин може да се спроведе надзорот над извршувањето и на Законот, меѓутоа, и во однос на тоа како се извршуваат односно исполнуваат урбанистичките планови. Вака, воопшто никој општински урбанистички инспектор нема да каже дека градоначалникот работи противзаконито, затоа што градоначалникот го избрал општинскиот урбанистички инспектор. Ќе има многу проблеми со донесување на овој член 62 од овој закон, меѓутоа, како ќе се одлучи, така.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници, 7 гласале за амандманот, тројца воздржани и 36 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 63, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе,

Еве, како гласи членот 63: "При вршењето на инспекцискиот надзор, општинскиот урбанистички инспектор проверува дали решението за локациски услови донесено од општинскиот орган е во согласност со одредбите на овој закон". Значи и самите го носат и самите го проверуваат и самиот градоначалник го поставува општинскиот урбанистички инспектор. Нема никаков надзор над целокупната работа во овој дел од Законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 44 пратеници, 7 гласале за амандманот, 4 воздржани и 33 против, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за додавање на нов став 2 по ставот 1, поднесен од Комисијта за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 65, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски имате збор.

Повелете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Членот 65 се однесува на инспекторот кога ќе утврди дека решението за локациски услови е издадено спротивно на одредбите од овој закон. Затоа во претходните амандмани барав да нема решение за локациски услови односно само услови за градба. Еве на каков начин ќе се комплицира целокупната постапка и во однос на градбата и во однос на одобрението за градење затоа што инспекторот ќе биде должен во рок од 5 дена да поднесе писмен предлог со записник, за констатирана состојба, до колку е отпочната постапката за издавање одобрение за градба, веднаш писмено да го извести надлежниот орган, да поднесе пркршочна или кривична пријава до колку утврди дека е направен прекршок утврден согласно овој закон. Сите органи од член 52 се должни во рок од 5 дена да постапат по доставениот предлог. До колку не постапат во определениот рок, инспекторот е должен веднаш

да покрене прекршочна постапка. Значи временски ќе се одолговлече целокупното издавање на одобрение за градба затоа што ќе имаме претходно решение за локациски услови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници, 8 за, 1 воздржан и 37 против амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 69, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 7 за, 2 воздржан и 45 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Сега влегуваме во главата на казнени одредби. Тука е поднесен амандман од моја страна.

Во член 70 се кажува дека правно лице кое гради или изградило објект, со што врши нарушување на планираниот простор, ќе се казни со парична казна од 2 до 5 милиони денари.

Став 2 вели, правно лице кое изведува градба со што врши нарушување на планираниот просотр, ќе се казни со парична казна од 2 до 5 милијони денари.

И член 3 што предлагам да се избрише и да се замени со зборовите - од 30 до 50 илјади денари, се кажува дека физичко лице кое гради на сопствено или на туѓо земјиште, спротивно на планот, се казнува со казна затвор до 3 години, за кривично дело бесправна градба. Значи секое физичко лице може да се казни со казна затвор, а секое правно лице од 2 до 5 милиони денари. ќе ги плати и ќе продолжи да гради. Тој што е сопственик на своето земјиште, ако гради спротивно на планот треба да се казни, меѓутоа гледајте какви се казните за правно лице и каква е казната за физичко лице.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 5 воздржани 43 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 76 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете министре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и

станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 77-а по членот 77, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете минситре.

**Џамаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Овој амандман се однесува за тоа, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, во рок од 6 месеци од доенсување на овој закон е должен сите досега издадени лиценци за изработка на урбанистичка документација да ги преиначи во уверенија, а издадените овластувања за изработување на урбанистички планови, пак во рок од 6 месеци да ги преиначи во лиценци за вршење на дејноста.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки повеќе нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 9 гласале за, 2 воздржани, 43 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмнотт на член 78 ставови 1, 2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комсиија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставнико тна Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете минситре.

**Џемаил Махази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 79 став 2 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставнико тна Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете минситре.

**Џемаил Махази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 80 поднесен од Законодавно-правната комсиија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете минситре.

**Џемаил Махази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 85 поднесен од Законодавно-правната комсиија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете минситре.

**Џемаил Махази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Согласно член 166 став 2, од Деловникот на Собранието, Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 21 став 3 по кој Владата не се произнела.

Истовремено Комисијата го повлече амандманот на член 21 ставови 3 и 4.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 3, поднесен од Комсијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете минситре.

**Џемаил Махази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, претставници на Министерството за транспорт и петставници на Министерството за екологија,

Веќе два дена расправаме. Првиот ден го донесовме Законот за градба. Сега, сигурен сум, ќе се донесе и Предлог законот за просторно и урбанистичко планирање. Меѓутоа, пред тоа сакам да искажам и неколку мои забелешки во однос на текстот на законот.

Уште на почетокот ќе кажам дека без разлика што овој закон на некој начин беше донесен цајктнот, заедно со законот за градба, затоа што од 1 јули веќе надлежностите одат во локалната самоуправа и кај градоначелниците, од ниво на централна власт. Меѓутоа, сепак, или требаше законот да се донесе, најпрвин како закон за просторно планирање, а потоа како втор закон да има закон за урбанистичко планирање, или пак во однос на целокупната работа на Владата, треба да се планира и просторното планирање и урбанистичкото планирање сепак да ги води едно минситерство затоа што вака, поготово со овој закон сега каде надлежности има и централната власт. Меѓутоа надлежности има и локалната власт, мислам дека не ќе може да се применува овој закон добро како што и сите ние сакаме да се применува, поготово што во член 3 од овој закон децидно е кажано дека изработувањето, донесувањето и спроведувањето на просторниот план и на урбанистичките планови, се работи од јавен интерес.

Се усвоија доста амандмани од Комисијата за транспорт, врски и екологија и со тоа се подобри текстот на овој закон. Меѓутоа, сепак мислам дека имаше некои работи кои не беа усвоени во амандманската расправа. Тоа е во член 7 каде децидно требаше да се набројат кои се просторните планови, а не само Просторниот план на Република Македонија. Потоа треба да се размисли, сега веќе не, меѓутоа во текот на функционирање на овој закон ќе треба да се види како ќе се одвива целото функционирање на законот затоа што предвиден е сега урбанистички план за село. Сега како тоа ќе функционира во однос на Просторниот план и во однос на Законот за извршување на Просторен план што го донесовме ние овде во ова Собрание, останува да се види. Меѓутоа мислам дека на некој начин со донесување на урбанистички план за село, ќе има една стагнација во развојот на селските општини, затоа што од друга страна пак се кажува, согласно овој закон односно член 10 од овој закон дека генерален урбанистички план се донесува за град Скопје и за градовите кои се седишта на општините, утврдени со закон. Значи имаме јасна дефиниција за урбанистичките планови, меѓутоа и јасна поделба на градови и села и во Просторниот план и во урбанистичките планови.

Ако веќе тенденција ни е да имаме развој на целокупниот простор на Република Македонија, мислам дека не требаше да се донесе член во законот за просторно и урбанистичко планирање каде ќе имаме дефинирани урбанистички планови за села. Вака останува целокупната ситуација, едноставно селата на некој начин, со вакви планови ќе ги загушуваме во нивниот развој. Меѓутоа, еве, ќе бидеме сведоци и на таа работа, па потоа можеби ќе се случи да го смениме со измени и дополнувања и овој закон, како што верувам дека тоа ќе се случи и со Законот за градба.

Исто така во член 16, се кажува дека Владата на Република Македонија донесува Годишна програма за финансирање на предлог на органот за државна управа, надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање. Меѓутоа, сепак тоа треба да биде со една координација и корелација со локалната власт. Од друга страна пак на ваков начин треба да се види кои се условите и кои се можностите и желбите кои се остварливи, од една страна, на локалната валст, а не само централната власт да оди со донесување на своја годишна програма за финансирање, за изработување на плановите од член 7 точка 1 на овој закон. Како планови од значење за Републиката, Владата на Република Македонија донесува Годишна програма и финансирање на изработка на плановите за градба, од значење за Републиката, утврдени со закон. Тоа е член 16.

Добро е што се усвои, лиценците и овластувањата ги дава Комората, а не Минситерството, затоа што и на ваков начин мислам дека ќе има уште подобро функционирање и донесување односно изработка на урбанистичките планови затоа што, сепак Комората е таа која ќе води грижа за тоа на каков начин се изработуваат урбанистичките планови.

Добро е што се усвои амандманот од Комисијата за транспорт, врски и екологија, на член 25, затоа што навистина државата мора да даде согласност за изработување и на урбанистичките планови, а не само на просторните планови. На таков начин ќе има контрола во однос на просторот во Република Македонија, затоа што можеше да се случи, согласно Законот за градба и категоризацијата на објектите каде што државата ги дава одобренијата за градба во категорија еден и категорија два, можеше да се случи државата да ја нема контролата и на одобренијата за градба, меѓутоа ја нема контролата и на објектите што се од нејзино значење, а ќе ги усвојува локалната власт и тоа без согласност од државата. На ваков начин мислам дека се постигна една добра комбинација и добра координација во однос на државна и на локална власт.

Треба да видиме, во член 28 каде се кажува дека роковите на плановите треба да се дефинираат и треба јасно да бид еизразено што ќе се постигне во тој рок. Можеби тоа можеше да се направи во

овој закон, во овој член, а не после со подзаконски акти затоа што навистина планирањето на просторот се врши во период од 15 години за Просторен план и 10 години за Генерален план и 5 години за Урбанистички план. Меѓутоа на ваков начин ќе почекаме да видиме како тоа ќе се реши во подзаконските акти.

Во член 35 каде се кажува дека заради ефикасно спроведување на политиката на планирање на просторот во Република Македонија, се основа Агенција за планирање на просторот. Досега беше тоа Јавно претпријатие за просторно планирање. Се кажува дека Агенцијата освен другите работи што ќе ги извршува, ќе изработува и урбанистички планови. Сега прашање е како тоа ќе се одрази во изработување на урбанистичките планови на другите институции односно организации кои веќе имаат лиценца за изработка на урбанистичките планови. Меѓутоа сепак тоа,како што кажав и претходно, ќе се утврди со функционирање односно нефункционирање на овој закон.

Во член 35, исто така и член 36 и 37, се дефинираат многу прецизно и многу детално работите во Агенцијата за планирање на просторот. Мислам дека непотребно на овој начин се зголемуваа членовите во овој закон.

Сега доаѓаме до член 52 каде мислам дека апсолутно ќе придонесе за комплицирање на целокупната постапка во однос на издавање на одобрение за градба и во однос на временското траење, затоа што го ограничивме одобрението за градба дека мора да се издаде во рок од 7 дена. Меѓутоа претходно треба да се извади решение за локациски услови.

Тоа решение за локациски услови, кои се утврдени со закон, во член 52 се кажува дека ги донесува градоначалникот на општината и градоначалниците на општините на Градот Скопје и за водење на целокупната постапката градоначалникот овластува лице дипломиран инженер архитект со работно искуство. Без разлика што е така и без разлика што целокупната постапка ќе ја водат професионални стручни лица, мислам дека сето ова ќе го комплицира издавањето на одобрението за градба, затоа што на ваков начин решението за услови за градба ќе има управен карактер и едноставно ќе доведе до временско закочување на одобрението за градба. Од друга страна, мое мислење е дека на ваков начин донесено резшение за локациски услови ќе ја стимулира дивата градба. Зошто го кажувам тоа? Затоа што на ваков начин доволно е да се има решение за локациски услови и да се отпочне градбата. Незаконски, меѓутоа, кога урбанистичкиот инспектор ќе провери на лице место, тој ќе провери дека има решение за локациски услови и неговата работа е завршена. Кога градежниот инспектор ќе провери на лице место, ќе види дека нема одобрение за градба и ќе ја стопира градбата. Меѓутоа, градбата нема да ја руши, само ќе ја стопира. Сега ќе дојде до една состојба само да даде решение за стопирање на градбата, градбата има решение за локациски услови, нема одобрение за градба и во зависност од интензитетот на контролата на градежните инспектори, затоа што урбанистичкиот инспектор си ја завршил работата, проверил дека има решение за локациски услови и неговата работа е завршена, меѓутоа, од друга страна ќе се комплицира работата на службите надлежни за контрола односно државниот инспекторат за градежништво, односно и општинските градежни инспектори затоа што едноставно ќе мораат или да ја стопираат градбата, или ако не извади одобрение за градба да ја рушат градбата, меѓутоа, градбата има локациски услови. Тука ќе се доведеме до една состојба без одобрение за градба, бидете сигурни во тоа, едноставно ќе се почнува изградба на објекти, затоа што субјектот ќе биде во можност да извади само решение за локациски услови и врз основа на тоа решение да отпочне градбата. Ако градежните инспектори извршат контрола, ќе стопираат градбата, ако не тој ќе го изгради објектот, меѓутоа, ќе има едно решение. Таа градба нема да биде ниту дива, меѓутоа, нема да биде ниту легална градба, односно градежен објект, затоа што на некој начин ќе биде согласно деталниот Урбанистички план, меѓутоа, ќе нема одобрение за градба, па на таков начин со ова решение за локациски услови само ќе се стимулира дивата градба, затоа што нема потреба сопственикот да плаќа комуналии, само ќе си извади решение за локациски услови, особено што за добивање решение за локациски услови се поднесува доказ за сопственост на градежното земјиште, доказ за право на долготраен закуп, тоа ќе го има сопственикот, и елаборат за нумерички податоци за недвижности-иден проект. Значи воопшто ги нема сите проекти што ги донесовме со законот за градба, и едноставно нема да функционира. Со ова решение во член 52 од овој закон се доведува во прашање целокупното функционирање на Законот за градба што го донесовме пред неколку дена.

Исто така и во членот 53 на некој начин се кажува дека се забранува донесување решение за локациски услови за градби кои биле изградени или почнале да се градат спротивно на важечкиот урбанистички план и без одобрение за градба. Меѓутоа, што ќе се случи. Решение за локациските услови ќе се извади, а одобрението за градба нема да се издаде, затоа што многу е полесно да се извади решението за локациските услови и на таков начин секој што мисли да гради веќе ќе почне со изградба на објектот.

Јас побарав со амандманите да се избрише цел член 54, затоа што тука се доведува во прашање на каков начин овие решенија за локациски услови важат, колку рокови важат и колку се комплицира целокупната постапка, а во ставот 1 се вели: "Решението за локациски услови важи една година од неговата правосилност, во кој рок барателот е должен да обезбеди одобрение за градба согласно законот". Ако не обезбеди

одобрение за градба, целокупната постапка се повторува.

Исто така, во ставот 2 се утврдува решението за локациски услоби за градба од локално значење и жалбата потив ова решение. Надлежниот орган за локациски услови писмено ќе ги информира за содржината на решението, непосредните соседи автоматски ќе го обжалат ова решение и автоматски целокупната постапка до 30 дена од исполнувањето на овие услови ше помине, а ние донесовме член каде што одобрението за градба, откако ќе се добијат сите услоби за одобрение за градба, ќе се издаде во рок од 7 дена, меѓутоа, со тоа се комплицира целпкупната постапка на условите кои треба да бидат содржани за добивање одобрение за градба точно со ова решение за локациски услови, а можеше едноставно тоа да се реши и едноставно смо да се дадат услови за градба. Тоа е една информација, односно извод од деталниот урбанистички план и сите други услови што треба таа локација за градба да ги содржи.

Исто така, во членот 56-со ова веќе се поскапува целокупната постапка, затоа што трошоците направени за работите врзани за постапката на донесување решение за локациски услови паѓаат на товар на барателот, што значи ја поскапува целокупната постапка.

Во Главата 4 за надзор над работите и спроведување на законот, навистина сметам дека само државни урбанистички инспектори односно инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам можат да вршат надзор над законистоста на овој закон а тоа не можат и не треба да го вршат општински урбанистички инспектори. Ќе бидеме сведоци и ќе видите дека ниеден општински урбанистички инспектор нема да поднесе никаква жалба, ниту ќе поведе постапка во однос на нераборењето на градоначалникот, затоа што не може градоначалникот ако го избира општинскиот урбанистички инспектор, сега градоначалникот да биде должен да му ја даде на увид целокупната постапка како се спроведувал тој план.

Од друга страна, општинскиот урбанистички инспектор кога ќе го види тоа, тој што го назначил за урбанистички инспектор да му каже ти си во грешка, поведувам постапка против тебе-тоа го нема никаде, во ниедна општина, бидте сигурни во тоа. Значи општинските урбанистички инспектори автоматски ќе биддат вишок во општината и самите градоначалници, по некое време ќе бидат и ќе бидат технолошки вишок или државни службеници, меѓутоа, нема да бидат урбанистички инспектори. Ќе беше најдобро и за целокупната работа на општините, и за работата на градоначалниците да постојат да постојат државни урбанистички инспектори, а не на ваков начин да биде направена поделбата на државни урбанистички инспектори и општински урбанистички инспектори. Друга беше работата во Законот за градба, каде што имаме два вида инспектори, еден на државно ниво, другиот на локално ниво кои ќе бидат во служба на општината и со тоа се согласувам. Меѓутоа, на ваков начин воопшто нема да ја извршуваат работата општинските урбанистички инспектори, особено што во членот 65 кажав, доколку при вршење на урбанистичкиот надзор инспекторите утврдат дека решението е издадено во спротивност на одредбите на овој закон, должни се да ги преземат следните дејства, а ниедно дејство нема да преземат. Ниту ќе поднесат писмен предлог со записник, а доколку е почната постапката за одобрение за градба нема веднаш писмено да го известат надлежниот орган за запирање на постапката за издавање одобрение за градба, или пак да поднесат, уште помалку, прекршочна или кривична пријава.

Во назорот над законитоста на работата на органите на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје исто така не може да се врши надзор, каде што во осум точки се утврдува и секоја точка во членот 68 содржи "ја следи законитоста", "укажува на органите на општините", "укажува на определени материјални процедурални недостатоци". "дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општините", "го следи навременото донесување на прописите, поднесува иницијативи и предлози до органите и го следи остварувањето на јавноста во работата на општините, општините на Градот Скопје и на самиот Град Скопје" и тоа е дадено во членот 68, каде што при вршење на надзорот органот на државната управа од областа на уредување на просторот ги вршеше и ги врши овие работи. Сите овие работи ќе се сведат само на една посета на органот надлежен за спроведување на законот, една посета до локалните самоуправи, општините и градоначалникот и едноставно ќе одат само на разговор. Инаку, на никој начин не можат да бидат санкционирани, како што овде се кажува дека ќе им се одземе вршењето на работите, па потоа на општините и Градот Скопје, тоа во никој случај нема да се случи затоа што општините самите ќе се жалат на тоа, а во законот со ниеден збор не е кажано дека ќе се еоценува работата на општините врз конкретни работи и конкретни членови на овој закон.

Кога сум веќе тука, сакам да кажам дека во петтата глава, Казнени одредби треба да се види дали е направена грешка. Тоа ќе се види многу брзо по донесувањето на овој закон. Меѓутоа, во членот 70 се вели дека правно лице кое изградило градба на сопствено или туѓо земјиште ќе се казни со парична казна од 2 до 5 милиони денари. Значи ова лице ја направило градбата, се мисли на правното лице и ќе се казни од 2 до 5 милиони денари. Ако тоа е во интерес на финансиската конструкција на правното лице ќе ги плати тие 5 милиони денари. Истото правно лице кое изведува градба на сопствено или туѓо земјиште, значи не само на сопствено земјиште, туку истото правно лице ако изведува градба на туѓо земјиште спротивно на важечкиот урбанистички план, со што врши нарушување на

планираниот простор, ќе се казни со парична казна од 2 милиони до 5 милиони денариу и казна привремена забрана за вршење на градителска дејност. Затоа реков, ако во целокупната финансиска конструкција се влезени и овие средства од највисоката казна од 5 милиони денари, тој објект ќе го направи .

Во ставот 3 на истиот член се кажува за физичко лице кое гради или изградило градба на сопствено земјиште, спротивно на важечкиот урбанистички план, што е казниво дело и јас сум за тоа, тоа лице да се казни со казна затвор 3 години за кривично дело бесправна градба. Сега ако одиме по претходните ставови, каде што правното лице се казнува парично, физичкото лице кое е сопственик на свое земјиште ако почне да гради се казнува со казна од 3 години. Дали овој закон ќе профункционира согласно член 70? Многу големи проблеми ќе има за тоа и на некој начинќе мора веднаш по донесувањето на законот да се види што ќе се прави со овој член. Кажав која ќе биде постапката на правните лица, ќе ја зголемиме таквата градба, ако има само парична казна за правните лица и на тој начин ќе се зголеми дивата градба. Дивата односно нелегалната градба ја зголемуваме, ја зголемуваме и со решението за локациски услови, а сакаме, се трудиме и сите овде исто размилсуваме во поглед на законот за градба и на законот за просторно и урбанистичко планирање, навистина овие два закони да доведат до развој на просторот, развој на целокупниот простор во Република Македонија. Меѓутоа, само со овие два члена од законот ќе се стимулира изградбата на нелегални објекти, затоа што воопшто тоа може да го калкулираат сите инвеститори, односно како што ги нарековме сега градители во нивната финансиска конструкција, да ги пресметуваат и овие казнени одредби од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

На крајот, во Преодните и завршните одредби и воопшто како закон сега што ќе се донесе сакам да кажам дека навистина Владата и двете министерства, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, во консултации можеби со другите министерства, меѓутоа, треба да одлучат кој ќе го спроведува овој закон. Ќе имате големи проблеми во спроведувањето на законот, затоа што до сега можеше и да се договорат двете министерства, меѓутоа, сега веќе влегува и трет субјект, тоа е локалната самоуправа, односно градоначалниците каде што веќе имаме проблеми во спроведување на овој закон, затоа што се две министерства а еден закон, и плус државни и локални ингеренции. Можеби е подобро овој закон да почне да функционира, меѓутоа, веднаш да се пристапи кон тоа едно министерство да биде надлежно и за просторно и за урбанистичко планирање. На ваков начин тоа што сакаме нема да профункционира, овој закон нема да профункционира и многу брзо ќе треба да донесуваме измени и дополнување на овој закон, затоа што и во самиот закон не е прецизно дефинирано туку се кажува министерството односн органот надлежен за работите од уредување на просторот и органот надлежен за работите од просторно планирање. А веќе во членот 4 на почетокот на страница 3 се кажува дека уредување на просторот е обезбедување услови за хумано живеење и работење на граѓаните за решавање на имотно правните односи во врска со градежното земјиште, спроведување на планската документација, како и надзор над спроведување на планската и проектната документација. Сега кој е надлежен за ова, кое министерство? Министерството за транспорт и врски како до сега или Министерството за транспорт согласно овој закон од донесувањето на овој закон, меѓутоа, Министерството за транспорт и врски ингеренциите веќе ги пренесе во локалната самоуправа , почнувајќи од 1.07.2005 година, односно уште за неколку дена.

Сите овие работи ги кажав за поефикасно спроведување на самиот закон и поефикасно спроведување на закаонот за градба, меѓутоа, и на овој закон за просторно и урбанистичко планирање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе.

Согласно моето произнесување по Законот за градење и со овој Предлог закон за просторно и урбанистичко планирање, најпрво ќе се произнесам за позитивните страни на законот, а потоа и за некои проблематични членови кои сметам дека ќе придонесат за разни проблеми при практикување и реализација на просторните и урбанистичките планови.

Најпрвин позитивно е во овој закон што се определуваат кратки рокови во поглед на издавањето на решението за локациски услови со што се отстрануваат долги управни постапки, тоа е нужност во македонската администрација.

Второ, се потенцира стручноста и се афирмира процесот на децентрализација во корист на јакнењето на позицијата на градоначалниците на општините што е правопропорционално со јакнењето на улогата и влијанието на граѓаните врз разрешувањето на ова исклучително важно прашање за урбанизацијата на просторот од нивниот живот особено на општинско ниво.

Трето, новина е Агенцијата за планирање на просторот што е исто така позитивно во насока на афирмирање на струката, спроведувањето на политиката на планирање и уредување на просторот на Република Македонија.

Меѓутоа, она што сметам дека ќе предизвика исто како и Законот за градење големи проблеми во пракса како функционални така и организациски,

тоа е, пред се, неусогласеноста и на овој закон со Законот за сопственост и Законот за градежни работи особено во поглед на организацијата затоа што во прашање се три министерства кои имаат ингеренции, од друга страна се наметнува прашањето што со новите форми на сопственост, тоа се општинска сопственост на општините кои ќе стопанисуваат со делумно градежно земјиште и измените и усогласувањето на Законот за сопственост и градежно земјиште кои се носечки закони и од нив треба да произлезат одредбите од законите за градење и Законот за просторно и урбанизтичко планирање. Додатно на тоа се неподелените ингеренции во трите министерства како што се Министерството за животна средина и просторно планиерање, Министерството за транспорт и врски и Министерството за локална самоуправа. Сето тоа мислам дека ќе предизвика и терминолошка бркотница околу поимите - просторен план, генерален урбанистички план, детален урбанистички план и во досегашниот закон како и во Законот за градежно земјиште стоеа акти што ги заменуваат плановите, што ги носи општината и тоа одлука на општината што е само текстуална одлука и второ, урбанистичка документација што беше текстуална и графичка одлука.

Сега со овој Предлог-закон се воведуваат сосема нови термини кои и терминолошки се вон она што значи нормативa на Законот за градежно земјиште кој е примарен, носечки закон и се воведува урбанистички план за село и урбанистички план за населено место, што сметам дека нема да придонесе овој закон да биде ефикасен, да биде пропулзивен и навремено да ги одразува и да ги разрешува проблемите на граѓаните во делот на просторното и урбанистичкото планирање. Особено ќе кажам во делот на децентрализацијата кој ќе има дополнителни проблеми затоа што има нерегулирани односи од организациски аспект.

Вториот пропуст што мислам дека ќе биде исто така многу симплификантен и јасно изразен е во членот 52 каде што наместо условите за градба што ги определуваше досегашниот закон се издава решение за локациски услови кое е индивидуален акт додека условите за градба беа општи акти. Добро е што кога се дава ова решение се дава исклучиво врз доказ на сопственички документи или дека се дава врз основа на концесиски документи или пак ако имателот односно барателот на ова решение е носител на долгорочен закуп. Тоа е во согласност со Законот за сопственост и градежно земјиште. Меѓутоа, бидејќи ова решение е строго индивидуален акт не ми е јасно, а тоа го дискутирав и по Законот за градење, мислам дека ќе им стане јасно и на граѓаните кога ќе се соочат со оваа небулоза како може градителот кој е нова форма идентична со сопственикот може да се промени, а решението за локациски услови да не биде променето што ќе доведе до еден нелегален промет на изградено и неизградено градежно земјиште и на таков начин можност за манипулации нон сенс затоа што индивидуалниот акт кога се променува, мора да се промени и градителот кој е сопственик. И во една и во друга ситуација се работи за сопственик, концесионер или носител на долгорочен закуп.

Бидејќи има колизија помеѓу овие два закони и тоа Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење ова е нужно, бездруго, да се усогласи, ако не сега, тогаш со измени и дополнувања за да може барем во делот на нормативни причинско последични врски тоа да биде усогласено помеѓу овие два, објективно навалени еден на друг, закони.

Третиот проблем тоа е во членот 70, барем според мене каде се дава поистоветување на правното лице кое гради или изградило при третманот на дивоградби. Мислам дека во Република Македонија соочени сме со една огромна офанзива на дивоградби во период од 1991 до 2005 година, а Законот за сопственост на сосема друг начин во членот 121 го третира она што е изградено и постои како дивоградба и со кој и локалната власт и централната се соочувале во сите овие 15 години независност, самостојност и сувереност на Република Македонија.

Законот за сопственост третира дури во член 121 став 1 и заштита на владение на сите оние дивоградби кои се изградени, а поминале 10 години од нивната градба. Не може да има ист третман тој што сега гради диво и тој што веќе има изградено див објект. Еве јас ќе дадам пример како градоначалник на Кисела Вода ние имавме донесено детален урбанистички план за цела населба, тоа е населбата ниска градба Ново Лисиче каде има над 6000 станбени објекти на луѓето на кои сме им го признале правото после десет години согласно одредени узанси кои постоеле и во поранешната Социјалистичка Република Македонија и сегашната Република Македонија тие луѓе да си ги легализираат своите градби. Тоа е направено во многу општини во Република Македонија и не можам да разберам како ние, ако на ваков начин ги подведеме дивоградбите во членот 70 како ќе се справиме со проблемоте на улицата Дижонска или како ќе се справиме со проблемот на одредени дивоградби на потегот на градот Охрид каде одредени станбени објекти го узурпираат правото на брегот на Охридското Езеро во самиот град каде граѓаните на Охрид немаат право да дојдат до брегот на Охридското Езеро на потегот од Канео до центарот на Охрид.

Значи, тука се работи за принципиелна заложба која укажува на тоа дека мора да се почитува основниот закон - Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост ако сакаме да се справиме со дивоградбите. На ваков начин како ние сега ги третираме дивоградбите имаме волунтаризам во проценките на одделен министер или на одделна извршна власт, имаме поставки кои едните ги рушат другите ги легализираат. Имаме градоначалници кои или до

сега легализирале диви градби, а други ги оставиле такви какви што се и ќе придонесат за нараснување на дивоградбите едноставно ова е уште еден доказ дека не можеме да правиме вертикални закони, висечки закони кои се навалени на основните закони. Ако имаме колизија и во овој закон како што имаше во Законот за градење со Законот за градежно земјиште и со Законот за сопственост, овој закон не може да биде успешен затоа што кога и да е тој на Уставниот суд или во друга постапка, сега веќе и пред меѓународни судови, ќе падне како одредени негови одредби со тоа што нарушуваат права на граѓаните кои ги имаат во други закони, а кои се во хиерархијата носечки и одредбите во тие закони треба да бидат основни за изведување на одредби во овој закон за градење и во Законот за урбанистичко и просторно планирање.

Оттука сметам дека следи мојата констатација и по однос на овој закон како и по Законот за градење. Овој закон треба да биде повлечен, да биде доградeн, усогласен со Законот за сопственост и Законот за градежно земјиште. Да биде усогласен со организационата шема на владиното работење во делот на трите министерства и оттука подготвен и усогласен со сите тие носечки закони ќе може на соодветен начин да ги разрешува проблемите на урбаното планирање на територијата на Република Македонија особено е важно, веќе реков, со новите форми на сопственост кои нужно ќе изникнат со јакнењето на децентрализацијата и она што значи можност за функционирање на општинската единица односно општината како единица на локалната самоуправа и воведувањето на категоријата општинска сопственост што ќе наметне нови импликации во делот на урбанистичкото планирање.

Затоа сметам дека овој закон, доколку остане ваков каков што е, како и Законот за градење сите овие негови добри позитивни страни кои се неспорни во делот на роковите, во делот на Агенцијата за просторно планирање, во делот на афирмација на сопственоста, меѓутоа, ништо не пречи да се одложи неколку месеци и заедно како пакет на закони со Законот за градежно земјиште и измени и дополнувања на Законот за сопственост усогласен со тие закони, тогаш би можел да добие поддршка од сите политички партии во Парламентот и што ќе значи можност граѓаните на вистински начин сите аспекти и сите објекти независно дали се од траен или времен карактер или дивоградби и во делот на градењето и во делот на планирањето да бидат во една комплетна документација, комплетна постапка и функционално и организациски во согласност со сите други прописи кои владеат на територијата на Република Македонија и во согласност со Уставот на Република Македонија.

Од тие причини јас ќе се произнесам против овој закон од аспект дека временски мислам дека не му е сега времето и уште еднаш да кажам треба да дојде по измените и дополнувањата на Законот за градежно земјиште усогласен со Законот за сопственост. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Цветле Јанеска.
**Цветле Јанеска:** Благодарам потпретседател,

Ќе започнам со мојата дискусија со констатација дека предлагачот во основа ни понудил еден квалитетен текст, а имавме голем број амандмански интервенирања во текстот и со тоа сум убедена дека ќе се направи едно подобрување уште поголемо во квалитетот на текстот на Законот за просторно и урбанистичко планирање и ќе добиеме еден закон со кој ќе ја оствариме целта на сите нас овде да се воведе ред во оваа значајна материја.

Јас сакам да се осврнам накусо на текстот од аспект што ќе ги искоментирам законските решенија кои ги нуди овој закон, а во насока на дефинирање на мерките и условите со кои се обезбедува хармонизација на развојот на секој сегмент од просторот, а со цел да се оствари динамизиран и усогласен просторен развој, водење постојана грижа за зачувување и унапредување на животната средина и што е најважно рационално користење на просторот.

Овој Предлог-закон ги дефинира условите и можностите за развој на територијата на целата општина, на целата држава почнувајќи од општините, општините на градот Скопје и градот Скопје, селата и населбите од населените места.

Текстот содржи прецизно дефинирани, но исто така има и флексибилни концепти и решенија за организација на просторот. Тука, пред се, предложени се законски обврски кои произлегуваат од директивите на Европската Унија кои се однесуваат на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Исто така, со предвидените решенија во текстот се обезбедува имплементирање односно примена на членот 22 од Законот за локална самоуправа со што се врши децентрализација на надлежностите од органите на државната управа на органите на единиците на локалната самоуправа.

Поаѓајќи од долгорочниот карактер на просторното планирање односно поаѓајќи од фактот дека долгорочниот развоен процес се изразува како перманентно нарушување на постојната рамнотежа и инфраструктура повеќе од целисходно е предвидувањето на членот 2 став 1 од Првата глава на Законот каде просторното планирање го дефинира како континуиран, но во исто време и контролиран процес со кој се обезбедува изработување, донесување и спроведување на Просторниот план и урбанистичките планови, нивно меѓусебно усогласување по хиерархија и надополнување. Што е најважно нивно задолжително донесување и спроведување, согласно овој закон и другите подзаконски акти.

Со Предлогот се уредени децидно и без конфузија правата и одговорностите на субјектите за донесување и спроведување на просторните и урбанистичките планови. Со членовите во законот се уредени и начините на континуирано следење на спроведувањето на плановите како и задолжително вршење увид во доследната примена на она што е донесено како планска документација.

Ова го поткрепувам и со аргументот што во Законот во поглавјето за планирање на просторот сите активности кои се преземаат во просторот мора да се усогласат со Просторниот план. Просторниот план кој се донесува за територијата на целата држава претставува устав во планирањето и претставува стратегија за просторен развој на државата кој дава насоки за намена, користење, заштита, организација, уредување, управување со просторот на Републиката тоа е член 8 став 1. Просторниот план на Републиката се разработува преку Просторниот план на регионите и Простоерен план за подрачја кои се именувани како подрачја од посебен интерес за државата и тие стануваат составен дел на Просторниот план на Републиката.

Сите други планови именувани како урбанистички планови, Генерален урбанистички, Детален урбанистички, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населеното место како и урбанистичките проекти и за одредена област постојано се повикуваат и усогласуваат меѓу себе и се донесуваат врз основа на условите издадени за планирање на просторот. Постапката за насочување и усогласување на планските документи со Просторниот план ја пропишува Министерството надлежно за работите од просторното планирање.

Генералниот урбанистички план се донесува врз основа на издадените услови за планирање на просторот, согласно Законот член 10 став 5.

Деталниот урбанистички план како план кој е по ранг понизок, на пониско ниво е усогласен со Генереалниот урбанистички план, а преку него со Просторниот план.

Урбанистичкиот план за селото се донесува за подрачје на населено место во општината од селски карактер. Овој план исто така се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот, согласно Законот член 12 став 6.

Урбанистичкиот план вон населено место се донесува по потреба за плански опфат за подрачје од рурален карактер со кој се уредува намената и начинот на користењето на просторот како и условите за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.

Исто така и за овој план за вон населено место се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот член 13 став 5. Значи, при изработката на урбанистичките планови површините за урбаните содржини треба исклучиво да се бараат во рамките на постојните градежни региони додека проширувањето на просторните градежни подрачја и формирање нови може да се вршат врз основа на критериуми определени во регионалните просторни планови.

Пред истекот на пропишаниот плански период затоа пак за важноста на плановите донесувачот на планот најмалку една година изработува една стручна анализа што е изградено од плановите и со која потреба.

Значи, исклучително важен момент во процесот на изготвување на сите овие плански документи е издавањето услови за просторно планирање, тоа е издавањето на таканаречената просторна согласност член 15 став 1.

Сакав да ја истакнам и по мене многу важната димензија на овој закон, а тоа е транспарентноста со обезбедување учество во постапките за донесување на планските документи и воопшто во планирањето на просторот на граѓаните. Најпрвин тоа се потврдува со постапката со сите планови кои се донесуваат во две фази, според законот член 22 став 1. По Нацрт на Генералниот урбанистички план градоначалниците на општините и на градот Скопје се задолжени со предвидена законска постапка да организираат стручни расправи со учество на стручни и научни институции од областа на просторното планирање, да се присутни органи на државните институции, понатаму институции што се надлежни за спомениците на културата од планскиот опфат, а исто така да се присутни и претставници на невладините организации.

Со записник од расправата за прифатените и неприфатените забелешки, стручната комисија изготвува извештај и што е најважно тој извештај е составен дел на проектот на Предлог планот.

Исто така по Нацрт на Деталниот уранистички план, урбанистичиот план за село и урбанистичкиот план во населено место градоначалникот организира јавна презентација на планот и јавна анкета и тоа, по утврдувањето на Нацрт планот од страна на Советот на општината.

Потоа битно е што комисија формирана од градоначалникот, од советниците, членови на Советот и надворешни стручни лица изготвува извештај од таа јавна анкета со образложение за прифатените и неприфатените забелешки кое станува составен дел на одлуката за донесување на Предлог планот член 24 став 6.

Новина е што Комисијата од овој член став 6, мора со образложение да ги извести граѓаните кои што дале свои предлози и дали тие се прифатени, или не, после добиените согласности на плановите во формите кои ги предвидува законот и од органите кои исто така ги предвидува законот и пропишува се донесуваат плановите и тоа Просторниот план го донесува Собранието на Република Македонија, а советите на општините ги донесуваат останатите планови, тоа е член 26 и ставовите 1,2,3,4,5,6,7 и 8. Со овој закон во делот за спроведување на плановите во член 49

уреден е и начинот и условите и за издавање извод од план што за прв пат се создава една законска обврска и уште една можност на време граѓаните да се информирани и транспарентноста да е застапена по однос на тие планови. Сметам дека ова е дотолку позитивно што на потенцијалните инвеститори им се дава информација за тоа како стојат работите со планските предвидувања и уредување на просторот од аспект на нивните планирања и евентуални инвестициони вложувања. Значи, изводот од Деталниот урбанистички план, односно од Урбанистичкиот план за село и Урбанистичкиот план вон населено место со соодветните податоци е основа за изработување на идеен план за градба. Овој пак е потребен и неопходен во постапката за добивање решение за локациски услови.

И на крај, сакам да ја потенцирам исклучително важната димензија на овој закон според мене, а тоа е што со севкупната предвидена законска постапка за добивање одобрение за градба се предвидени услови кои уште во фаза на помали трошоци се добива информација дали се исполнети условите за добивање одобрение за градба. Овде очигледно се разликувам во својот став и мислење по овие законски решенија, решението за локациска градба во однос на моите претходни колеги и токму со овој ваков квалификатив. Тоа е пред се решението за локациски услови и пропишаните услови за негово добивање. Зошто велам така? Затоа што уште на првиот чекор при поднесување на барањето за негово добивање потребно е да се достави доказ за сопственост на земјиштето, или други докази за правото на располагање на земјиштето на кое ќе се гради, елаборат за нумерички податоци, за движење на имотот и идеен проект по член 50 од овој закон. И врз основа на тој елаборат органот надлежен за донесување на решението утврдува дали барателот веќе ќе ги исполни, е на патот да ги исполни условите за добивање на одобрението за градба. Значи, решението за локациските услови, член 52, 53 и 54, со овој Предлог-закон е утврден како управен акт, што мислам дека е добро, затоа што со исполнувањето, или неисполнувањето за негово добивање во старт се расчистуваат многу прашања врзани за градбата. Донесеното решение за локациски услови и заверениот идеен проект, односно урбанистичкиот проект од член 50 на овој закон се основа за изготвување на основниот проект за градба. И во контекст на ова битно ње според мене да се истакне дека надлежниот орган што го донесува решението за локациски услови писмено ги информира за содржината на решението непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува решението за да можат тие правовременмо со инструменти да реагираат доколку на некој начин им се узурпирани правата и основните услови за изолација и тн. Заради сето ова, јас ќе го поддржам овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Нема долго да дискутирам по текстот на законот, затоа што најнапред ќе кажам, процесот на донесување на законот од првата фаза, од првото читање, повеќето забелешки од пратениците во прва фаза на законот беа прифатени, особено во делот на оформуфање на посебна агенција за планирање на просторот, тоа повеќето пратеници во прва фаза го кажаа во смисол на подоследна примена на Просторниот план на Република Македонија и во изработката на убранистичка документација. И во процесот на носење на оваа фаза на законот, исто така, Министерството и пратениците имаа сенс за важноста на овој закон при прифаќањето на амандманите и при гласањето на амандманите за да оваа проблематика се уреди на квалитетен начин. Законот за просторно и урбанистичко планирање е еден од законите кој што единиците на локална самоуправа го чекаат, одат на децентрализација на власта и преземањето на надлежностите кои што ќе им создадат дополнителни проблеми при преземање на надлежности, меѓутоа и делот на финансирање и изработката на урбанистичките планови. И затоа го поздравувам прифаќањето на амандманот од страна на Владата, од пратениците во кое што средствата предвидени за Буџетот се намалија на 30%, а додека средствата предвидени за општините се зголемија на 70% за изработка на урбанистичка документација што е посебно позитивно од аспект на децентрализација на надлежностите.

Во оваа дискусија по текстот на законот сакам да кажам за подзаконските акти што се провлекува во носењето на сите закони. Позитивно е што беше изгласан амандманот на Комисијата за транспорт и врски за ограничување на рокот за донесување на подзаконските акти, а тоа донесување на подзаконските акти во рок од 6 месеци. Така што со ограничувањето на овој рок, мислам дека квалитетно ќе се забрза постапката на донесување на подзаконските акти, иако времето не е еден од императивите, меѓутоа сега е императив, меѓутоа квалитетот на подзаконските акти нема да им создаде проблеми на граѓаните доколку бидат на квалитетен начин донесени подзаконските акти кои што се неопходни за имплементација на законот.

На крај, ќе се осврнам на оформувањето на агенцијата за планирање на просторот за кое што кажав дека во прва фаза беше посебно потенцирано. Овде сигурно беше во прва фаза посебно потенциран позитивниот пример на Република Хрватска и еден квалитетен начин на уредување на просторот кое што ние на секој чекор го гледаме. Така што едно позитивно искуство беше прифатено. Мислам дека во иднина Владата, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина како

имплементатори на овој закон треба надлежностите на оваа агенција да ги намалуваат во делот на изработка на урбанистички планови кое што остана како надлежност на агенцијата. Значи, агенцијата ги извршува следните работи, го изработува Просторниот план и се грижи пред се за спроведување на Просторниот план на Република Македонија. Додека изработката на урбанистичките планови од програмата на Владата постепено треба да се препуштаат на овластени планери во областа на урбанизмот. Така што во иднина процесот на деакумулација на надлежности на државни органи треба во тој правец да се движи на изработката на деталните урбанистички планови и генералните урбанистички планови да преминат во овластените урбанисти. Така што агенцијата треба да се грижи само за имплементација на Просторниот план на Република Македонија од аспект на низок степен на инвестициона изградба во Република Македонија. Можеби ова решение сега засега во реалноста во Република Македонија е добро, меѓутоа во иднина во засилена инвестициона изградба во Република Македонија ова решение треба да претрпи измена во иднина. Секако овој закон побуди голем интерес во Република Македонија од аспект што инвестирањето во недвижности, или изградбата на станбен и деловен простор пред се е еден од најатрактивните начини на инвестирање. Меѓутоа, ваквата изградба има и димензија на јавен интерес, од аспект на хуман простор за сите граѓани на Република Македонија и ова двојство на тие два интереси е секако е еден суптилен начин и начин на успешно решавање на просторот. И затоа оправдан е интересот и на селата и на инвеститорите и на граѓаните за успешно решавање и секако да не ни се повторува тоа што се случува во просторот на Република Македонија, а тоа е деградација на просторот, или градење, зафаќање на секое празно парче, иако трката за профит тоа го бара, меѓутоа, сепак и јавниот интерес во планирањето на просторот е приоритет број 1 за планерите.

Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Љупчо Јордановски:** Во меѓувреме добивме еден амандман за чисто техничко усогласување.

Во меѓувреме согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандман на член 55 став 3, по кој Владата не се произнела. Станува збор за едно усогласување, бидејќи во членот 55 став 2 се сменија односите 30% на 70%, а остана во членот 3, 50%. Со овој амандман се прави таа техничка корекција, односно усогласување.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

Има збор заменикот министер Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе бидам многу краток, бидејќи зборував и по Законот за градба, би сакал да кажам и неколку мои согледувања по овој закон и на крајот да го кажам ставот како ќе гласа пратеничката група на СДСМ.

На почеток би сакал да го кажам она што јас го мислам за овој закон. Како што кажав и минатата недела по Законот за градба, овие два закони се закони со кои што инвеститорите на објектите во Република Македонија во првиот момент се судруваат. И многу е битно каква ќе биде пропулзивноста која што е решена во овие закони. Концептот кој што е избран за овој закон, за Законот за просторно и урбанистичко планирање, јас и во мојата дискусија по Нацртот на законот кажав дека е иста од плански ориентираните системи кои што ги има во Европа и плански ориентирани системи претпоставуваат една одредена ситуација која што е претходно одредена, таа е проектирана од некои луѓе кои што ја зацртале дека такво треба да биде уредувањето на просторот, планирањето на простоот во тој момент.Постапките во овие плански ориентирани системи се спори. Спори се затоа што промените на деталните и на другите планови се подведуваат по законите на одредени постапки кои што се долги, меѓутоа од друга страна ваквите постапки се и правно безбедни. И затоа ваквиот плански ориентиран систем е правно безбеден. Во овој момент на Македонија и требаше нешто друго, по мое мислење, многу пофлексибилен систем, меѓутоа тоа е одлуката на Министерството за транспорт и врски кое е одговорно за делот на урбанистичкото планирање и Министерството за животна средина и просторно планирање кое што е одговорно за просторното планирање. Меѓутоа, тие го одбраа ваквиот начин на планираање кое што е една, да речам политичка одлука за припрема на ваквиот закон. И тука претходно кажаното треба да нагласам дека во надредниот период многу е битно да се расчистат и надлежностите на овие министерства, бидејќи веќе подолг период надлежностите се преклопуваат и одговорностите се префрлуваат од едни на други, така што не можеме да имаме одредена чиста ситуација по самите закони и надлежности. Господиное Ѓорчев претходно напомена дека тука многу е битен во целиот комплекс на овие закони е и Законот за градежно земјиште. Меѓутоа, јас би сакал да нагласам дека еден од побитните закони кој што треба да го добиеме во ова Собрание и да дискутираме по истиот, е Законот за катастар кој што како што имам информација е во подготовка. Се надевам дека со него ќе направиме обид правно да го регулираме оној дел на несреденоста на земјишните книги, која што ја имаме во претходниот период.

Меѓутоа, сега по самиот текст на законот би сакал само две мои кратки забелешки да кажам. Имено, со амандманите кои што ги добивме минатата недела на Владата кон текстот на законот, повторно се воведува општиот урбанистички акт, ако се сеќавам во членот 78, а во уводниот дел на законот го нема. И за жал, немаме дефиниција за општиот урбанистички акт. Јас во мојата дискусија по Нацрт на законот укажав дека сите елементи кои што треба да ги содржи општиот урбанистички акт ги има Урбанистичкиот план од тогашната верзија за населено место, а сега во Урбанистичкиот план за село, или во Урбанистичкиот план за вон населено место. Така што апсолутно немаше потреба тој амандман да биде вметнат на тој начин. Меѓутоа, ценам дека тоа е една аномалија на овој закон. И општо она што би сакал да го кажам, го кажав и за Законот за градба, надлежностите онака како што се дадени во Законот за градба и во Законот за просторно и урбанистичко планирање на органите, особено на инспекцискиот надзор на органите за надзор, ценам дека останаа во онаа ситуација Републиката да ја делат на леопардово крзно, објекти од значење за Републиката, објекти од значење за локалната самоуправа. Меѓутоа, по повеќе настојувања да укажеме и на Секретаријатот за законодавство и на сите органи, таа варијанта остана , така што тоа е решението кое што е и во двата закони.

И на крај да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи законот за просторно и урбанистичко ланирање.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе, накратко само да укажам не некои работи. Значи, досега општините кои што функционираат во Република Македонија без разлика дали беа градови, или села седиштата на тие општини, имаа право да донесат свој генерален урбанистички план. И врз основа на тој генерален урбанистички план да изработат урбанистички планови за населените места, или детални урганистички планови за центарот на општината. Тоа така и е направено во изминатите години и потрошени се многу средства за изработка на детални урбанистички планови и генерални урбанистички планови за овие општини. Сега со овој закон тоа се укинува, односно со член 10 став 1 општините кои што имаат седиште во село нема да имаат генерални урбанистички планови, туку генерални урбанистички планови ќе има само Градот Скопје и општините кои што имаат седиште град. Сметам дека тоа не треба да биде така, бидејќи во изминатите години се изработени многу генерални и урбанистички планови кои што некои општини ги имаат веќе добиено, некои не ги добиле затоа што не се платени тие генерални и урбанистички планови од страна на Владата, а се порачани и изработени. Ако ова го смениме и избришеме во член 10 став 1 седишта на општините да им бидат градовите, да остане општините дека имаат право да си донесат генерален урбанистички план, тогаш ќе треба и член 11 став 1 да се смени. Член 26 исто така треба да се смени, да се направи усогласување. Во член 26 се говори дека советите на општината со седиште град донесуваат генерален урбанистички план, детален урбанистички план и урбанистички планови за населено место, а во истиот член за општинско седиште во село донесуваат само урбанистички планови за населено место и урбанистички планови вон населено место. Тоа е новината. За тие урбанистички планови вон населено место, е во ред. Треба да се додаде дека донесуваат и генерален урбанистички план за центарот на општината.

Со ова сигурно ќе постигнеме подобри резултати за порамномерен развој на државата, на целото подрачје ќе овозможиме, општините што имаат населено место село да успеат да формираат локација за мало стопанство и ред други објекти што би можеле да ги изградат таму, додека без оваа можност ние им скусуваме една голема развојна компонента, правиме големо ограничување, не им дозволуваме да советите во овие населени места, односно во овие општини ги ставаме во подредена ситуација во однос на градовите. Не им дозволуваме да покажат креативност во работата и да се погрижат за сопствениот развој.

Бидејќи знаеме дека опфатот на Деталниот урбанистички план, односно реонот на кој што се простира Деталниот урбанистички план е дефиниран со Генералниот урбанистички план. Така што ќе се доведат во ситуација едноставно да зависат од градовите што се многу оддалечени, зависи од населеното мето. Имаме, да речеме, по десетици километри оддалечени села, бидејќи се различни општини, сега нема воопшто во тој опфат да дојдат во Генералниот урбанистички план.

Сметам дека тука е направен голем лапсус и е избрзана оваа работа. Владата има уште време да поднесе амандман, да го смени ова како што треба, да го направи.

Исто така, за финансирањето сакам да кажам, сега како што е решено финансирањето дава мали можности на општините сами да го планираат просторниот развој на општината, бидејќи зависат од Програмата на Владата, дали ќе влезат во нивната програма или нема да влезат. Може да чекаат повеќе години да влезат во таа Програма, односно државата или сегашната Агенција што ќе ја формираме, дали таа ќе има некое учество, односно Владата да одобри средства за изработка на генерален урбанистички план.

Сметам дека финансирањето на генералните урбанистички планови треба да биде препуштено на општините, тие да го носат тој товар, а не да бидат под капата на Републичкиот буџет. Вака ќе дозволиме поголема слобода во работењето, односно ќе направиме еден чекор кон

децентрализацијата во Република Македонија што сакаме да го направиме.

Вака, не гледам дека овој закон донесува нешто ново во поглед на децентрализацијата. Мислам дека со формирањето на оваа Агенција за просторно планирање уште повеќе ја централизираме работата во оваа сфера.

Мислам дека законот не е квалитетен и не е добро направен, бидејќи решенијата, такви какви што се понудени тука, не се во согласност со декларативната определба што ја слушаме постојано во овој парламент за децентрализација и за симнувањето на власта поблиску до граѓаните.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван господине претседател, почитуван заменик министре, колеги пратеници,

Расправата е веќе во завршна фаза. Ќе треба да се гласа. Јас сакам да го кажам нашето определување.

Всушност, ние гласавме да се донесе ваков закон, оценивме дека е потребно да се донесе оваков закон. Потоа во Собранието имаше доста добра расправа во првата фаза и беа дадени многу добри, корисни сугестии.

Текстот што ни е овде даден не ги одразува тие сугестии. Не знам зошто предлагачот толку упорно ги одвиваше амандманите на овој закон. Ние сме свесни дека сегашната состојба во просторното и урбанистичко планирање не е добра, и дека просторот на големо се злоупотребува. За тоа не треба да одиме некаде далеку. Треба од Скопје да се тргне до Манастирот Св. Пантелејмон, таму од кај "Реплек", по тој пат, од таа страна, ќе видите дека патот фактички нема шанси да добие ниту банкини, а камоли тротоари, од узурпацијата на просторот, ѕидините, ѕидовите доаѓаат до коловозот. Таква улица нема во Скопје. А, еве, тој простор, поради тоа што не делуваат органите, очигледно замижале е дефинитивно злоупотребен. Но, такви примери има секаде.

Дискусијата ја следевме, ја следевме иницијативата со амандманите и ја сфативме како еден обид да се подобри овој текст. Меѓутоа, Законот, јас дури се прашувам дали овој закон не повредува некои од новите уставни амандмани и нели е делумно во спротивност со Законот за локална самоуправа, каде што проблемите на урбанизмот воглавном се отстапени.

Мислам дека недостасуваше расположение на надлежните министри, веројатно ја убедиле Владата така да направи, да постапат, овој пат да не се направи закон каков што Собранието имаше сили да помогне да се направи. Некои решенија, уште сега, еве некои од моите предговорници, фактички се спротивставени на целиот овој наш процес на децентрализација што го имаме.

Знаеме дека сегашните прописи не се добри, но исто така не сме сигурни зошто не се направи напор овде, од страна на Владата, да се донесе навистина подобар закон? Овие концептуални приоди за кои што господинот Тромбев говореше, всушност можеме да ги наречеме како разни приоди и имаше обид низ амандмани да се приближат и да имаме нешто што ќе биде прифатливо овде, за сите. Најдобро ќе беше ако можевме да направиме таков закон што сите би го прифатиле.

Овој пат ние не сме убедени дека мора текстот да биде ваков и дека требаше најголем дел од амандманите да се одбијат, што се одбија?!

Затоа, бидејќи не сме убедени дека го решаваме проблемот со кој што се соочуваме, а исто така ни изгледа дека отвора некои нови проблеми во оваа област, а не сме ниту за сегашната ситуација, законска, ние ќе се воздржиме од гласањето. Ќе гласаме воздржано.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање по законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот и уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ако во Клубот не го гледаат "Парламентарниот канал" ќе го тргнам телевизорот од таму.

(Службите го утврдуваат бројот на пратеници)

Десетте минути за кворум течат.

(во меѓувреме влегуваат и други пратеници).

Сега во салата имаме 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 51 гласал за, 6 воздржано, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Пред да поминеме на точката 16 од мене имате пауза до 14,00 часот, да се загреете или да се оладите, а почнуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,46 часот)

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 15,03 часот).

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, како и мислењето на Комитетот за

односи меѓу заедниците Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Повелете господине заменик министре, имате збор.

**Субки Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

Поаѓајки од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија кој го карактеризираат како Устав на современа граѓанска држава, значајно место зазема не само почитувањето на културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на заедниците кои живеат во Република Македонија, туку и создавањето услови за изразување, сочувување и развој на тој идентитет. Токму овие определби на нашиот Устав овозможуваат Република Македонија да се развива и гради како современа граѓанска држава во која припадниците на заедниците и преку употребата на свој симбол, а тоа е знамето, ќе го изразат својот идентитет и национални особености без притоа да се влијае на суверенитетот на државата, односно негово негирање.

Напротив, овој закон има за цел да допринесе за развивање и унапредување на сожителството во духот на вековната традиција, да се живее заеднички на овие простори со полно почитување на сите обележја, како што се националните, верските и пред се, етничките белези.

Кога се поставува прашањето на уставниот основ на овој закон одговорот е дека со Амандманот 8 неспорно е дека е уредено прашањето за употребата на симболите на припадниците на заедниците што го прави донесувањето на овој закон уставно оправдано.

Исто така, неспорно е дека почитувањето на правата на секој припадник на определена заедница во Република Македонија, значи и почитување на правата на сите припадници на заедниците што токму тоа го утврдува и Амандманот 8 со кој се заменува членот 48 од Уставот.

Во оваа прилика, сакам да истакнам дека овој закон има за цел и да го овозможи, односно да создаде нормативно-правни услови за слободно изразување на идентитетот на припадниците на заедниците преку употребата на симболот знаме и на единствен начин да се уреди прашањето на употребата на овој симбол.

Имено, заедниците во Република Македонија во изминатите години веќе употребуваат свои знамиња, како симболи на нивниот идентитет. Употребата на знамето како симбол на припадниците на определена заедница во Република Македонија не го нарушува суверенитетот на Република Македонија, како држава, бидејќи државните симболи грбот, знамето и химната, односно нивниот изглед се уредени со закони, а исто така и нивната употреба.

Поаѓајќи од решенијата што се предлагаат во законот, јасно и недвосмислено се наметнува заклучокот дека овој закон има единствена цел, а тоа е да го уреди начинот на употребата на знамето на определени заедници заради развивање на меѓусебна толеранција и унапредување на меѓунационалните односи со обезбедување на целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство во името на минатите генерации, а за подобра иднина на генерациите што следат.

Ако прашањето или дилемата за тоа дали е потребен посебен закон за употребата на симболите на припадниците на заедниците во Република Македонија постоеше до 2001 година, Охридскиот рамковен договор стави крај на таа дилема. Со точка 7 од Договорот, чиј наслов е "Изразување на идентитетот", односно со точката 7.1. јасно е искажано дека определена заедница може да употребува свој симбол, така што овој закон претставува операционализација на наведениот дел како од Договорот, исто така и од и Амандманот 8 од Уставот на Република Македонија.

Решенијата во законот се добро познати и нема да ги образложувам поединечно, законот не нуди нејасни, недоречени или сложени состојби, туку напротив тој е едноставен, би се рекло процедурален, но со кој се заокружува уште една обврска од Охридскиот рамковен договор. Република Македонија со донесувањето на овој закон уште еднаш како и многу пати досега, ќе потврди дека умее да се издигне над дневно-политичките настани и овој закон нетреба да се свати како нешто што е на штета на државноста и суверенитетот на Република Македонија, бидејќи не е на штета на државното знаме, туку секогаш првин ќе се истакнува државното знаме на Република Македонија, а потоа знамето на припадниците на заедниците.

Владата на Република Македонија е убедена дека денес ви предлага закон со кој ќе биде заштитен државниот суверенитет на Република Македонија, но и закон со кој остварувањето на правата на припадниците на заедниците во оваа област се ставаат во правна рамка и се издигаат на рамниште на кое припадниците на заедниците нема да се чувствуваат дискриминирани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски, процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Барам пауза од еден разумен рок да ни дадете, за да го добиеме стенограмот, па и да го одолговлекуваме донесувањето на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи беше кратко излагањето, а ние имаме нова технологија на стенографските белешки, објавувам пауза од 40 минути.

(Пауза од 15,10 минути)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Мојата дискусија може да носи наслов "Фараоните и знамињата". Ќе трае околу 15 минути и во неа ќе се осврнам на некои делови од овој закон, на проблемот со изгледот на знамињата на малцинствата, на некои човечки размислувања и секако, сето тоа ќе биде проткаено со политички констатации, колку за да не заборавиме во овие жешки денови, што од времето, што од темата дека се наоѓаме во Парламент, а не на семинар за знамиња, во некој хотел во преубавиот Охрид.

Македонија е земја на фараоните. Ќе прашате од каде тоа. Па каде што има пирамиди, мора да има и фараони. Кај нас прв фараон е Бранко Камон, што ја изгради пирамидата на штедачите.

Втор фараон е Ахмети Камон, што ја изгради пирамидата прилози за борба за човекови права во Македонија. А трет најсвеж фараон е Бучко Камон што ја изгради пирамидата од даноците.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски, очигледно веќе после две минути ќе мораме да влеземе ние во полемика. Јас сум воодушевен од вашата вичност и способност тоа да го напишете на тој начин, но сепак бидете малку покоректни и како што реков, како и досега ќе давам три минути дегресија за вовед, за загревање, а потоа секогаш ќе ве враќам на законот што се разгледува.

**Драго Шајноски:** Благодарам, ова нема да трае ни три минути.

**Љупчо Јордановски:** Без употреба на така да ги наречеме изјави што ги употребувате. Повелете.

**Драго Шајноски:** Овие наши современи фараони покажаа дека пирамиди можат да се изградат за неколку месеци, а не неколку десетици години, како што правеле во Египет Тута Камон, Хафре и другите египетски фараони во Фуфу и Зозе. Та какво знаме, каква економија. Каква невработеност, какви пензионери, какви просветари. Најважно за овие луѓе фараони е пирамидата да биде што поголема да ги фасцинира европјаните, па така тие да не молат и да се почестени со нашето велгување во ЕУ.

Овие тројца фараони во своите пирамиди имаат заграбено приближно 300 милиони евра народни пари. За нив е недолично и срамно да прават цркви, театри, тврдини, крстови, патишта, улици, плоштади, водоводи, Дојранско Езеро, со вредност секој до 3 милиони евра. Тие градат пирамиди по 100 милиони евра секоја. Но под притисок на Европа и Охридскиот договор, како тие сами велат еве фараоните мора да прават и закон за употреба на знамиња, покрај нивната вродена работа, односно вродена способност да градат пирамиди.

Зошто овој закон побуди голем интерес низ целата Македонска држава. Дали затоа што е многу битен за сегашноста и иднината на Македонија или затоа што некој има интерес да го замајува народот.

Во последниве месец дена се објавени и прикажани многу новинарски прилози во весниците и емисии на телевизија. Народот непрестано е бомбардиран со оваа тема. Кога новинарите со вакво темпо би пишувале за неспособноста на коалицијата на власт за нивните корупциски скандали, за нивните пирамиди, за економскиот, културниот и моралниот пад во земјата, за меѓуетничката нетропеливост итн, тогаш сигурно народот немаше да покаже ваков интерес за овој закон, па проблемот со законот за примена на знамињата ќе се сведеше на салонска дискусија помеѓу историчари, уметници и политичари. Невидена новинарска ароганција е гладен човек без работа да го анкетираш дали е за вакво или такво знаме. Но бидејќи овој процес со носење на овој закон е длабоко навлезен во сите пори од општеството, еве и јас ќе кажам неколку размислувања околу овој закон за употреба на знамињата.

Сметам дека донесувањето на овој закон е резултат на фараонскиот договор помеѓу СДСМ и ДУИ, на штета на македонските државни интереси. Мотивите за склучување на овој дилбат се ирационални. ДУИ со ова покажува пред својот електорат колку е силен во власта, а СДСМ е презадоволен што со оваа отстапка ДУИ му овозможува да владее и понатаму. А која е реалноста? Реалноста дека орелот ја има распарталено ружата и таа веќе не мириса. За да останат на власт за лични и партиски интереси, се продаваат државни интереси. Попрецизно со носењето на овој закон, пред да се донесе закон за изгледот на знамињата на националностите, суверенитетот на Република Македонија како да се дели на две. Како Македонија да е биетничка, а не мултиетничка држава. Сето тоа е и формално, но на Балканот се започнува така формално, несериозно, а на крајот тоа е одлучувачко. Да бидам јасен: не сум против носењето на овој закон, посебн што во него нема ништо спорно. Не сум против малцинствата да имаат свое знаме. Не сум против малцинствата сами да си определат знаме. Јас сум против тоа знамињата на малцинствата во Македонија да не содржат белег на Република Македонија . Против сум употребата на туѓи државни знамиња во Република Македонија без повод. Против сум да се руши Уставот на Република Македонија. Јас сум за тоа и Република Македонија конечно да заличи на држава со сите нишани. Ако целта на

коалицијата СДСМ и ДУИ е таа , тогаш за да ваков закон биде применлив во праксата, односно да има врз што да се применува, требаше фараоните прво да донесат закон за изглед на знамињата на малцинствата во Република Македонија, а потоа закон за нивна примена. Дали е случајно што не е почитуван овој логичен причинско последичен ред на настаните при носењето на овие два закона. Секако, не. Суштината е во следното, СДСМ неможејќи да му противи на ДУИ за изгледот на знамето на Албанскoто малцинство, да биде државното знаме на Република Македонија, прави манипулации и веднаш носи закон за употреба на знамиња, при тоа, правејќи се на Тошо за тоа кои се тие знамиња. Ако се усвои овој закон, а јас не гледам причина да не се усвои, иако претходно имавме закон за изглед на знамиња, тврдам дека СДСМ и ДУИ никогаш нема да донесат закон за изглед на знамиња на малцинствата, туку СДСМ молкум ќе дозволи употреба на државното знаме на Република Албанија во Македонија.

Од човечки аспект не разбирам што е така црно и нелогично барањето знамињата на малцинствата да се разликуваат од други држави и да содржат белег на Република Македонија . Со тоа само се покажува, се потврдува лојалноста и вербално искажаната желба на малцинствата за соживот со сите други во својата татковина Република Македонија.

Мислам дека барањето на Албанците од Македонија да го употребуваат државното знаме на Република Македонија е тенденциозно и прорачунато. Тие дури би се откажале од орелот, само ако Македонците бидат принудени да го променат знамето. Како инаку да ја сватам изјавата на еден висок албански политичар дека Албанците се спремни да го прифатат Македонското државно знаме за свое, само ако тоа не е знаме на Македонците. Значи при дискусија за тоа кое ќе биде знамето на Албанското малцинство во Република Македонија се говори за тоа дека ниту државното Македонско знаме нема да се почитува, ако тоа е инационално знаме на мнозинскиот народ во Република Македонија. Сега не ми е јасно. Проблемот е како да се употребуваат малцинските знамиња и како тие да изгледаат, или е проблем државното знаме. Од сето ова констатирам дека ова невиден пазар на група, како што велеше Рпбертсон, со државните интереси на Република Македонија внатре во фараонските дворови. Народот за ова не е прашан. Системот на работа на ДУИ е уцената. Или ќе се прави како што сака ДУИ или ќе се распаѓа коалицијата и ќе има војна.

За жал, оваа политика на ДУИ е одраз на состојбите на СДСМ на претходното партнерство помеѓу СДСМ и ДУИ во започнувањето и водењето на војната во 2001 година и секако, на непресушната желба на СДСМ да ја држи власта по секоја цена. ДУИ сеуште не е разбуден од иредентистичкиот сон. Тој неможе да свати дека не е само тој во оваа држава малцинство и дека остварувајќи си ги своите права не смее да ги загрозува правата на другите. ДУИ немноже да свати дека рамноправноста и проблемот со човековите права не лежи само во објективниот свет, туку е функција, пред се, од внатрешниот свет на единката. Од неговата наобразба, неговата економска состојба и неговото здравје. Ако навистина ДУИ го држи мобилен својот електорат, со тоа што непрестано бара нереални отстапки за да покаже пред електоратот дека Македонците се на колена, тоа лош знак за вистинските потсвесни чувства на Албанците кон Македонците. Не смее нечија несреќа да усреќува други. Тоа не е здраво за заедницата. Во исто време кога фараоните зборуваат дека Македонија ја сакаат единствена, во пракса што прават? Ја поделија Македонија на албански и македонски територии, а сега еве, и прикажуваат и различни знамиња. ДУИ граби што повеќе од Македонија, како утре нема да ја биде. Само кога треба да се молзи од неа, да се бараат права, пари, Република Македонија е татковина и на Албанците. Кога треба да се плаќа данок, вода, струја и да се почитуваат обврските, Македонија веќе не е нивна татковина.

На крајот, сакам да констатирам дека не еможно Албанците да ја сакаат искрено Република Македонија како своја татковина и да бидат нејзини државотворци, а да не чувствуваат потреба на нивното малцинско знаме да означат белег од таа нивна сакана Македонија. Уште повеќе збунувачко е нивното инсистирање тоа знаме да биде државното знаме на Република Албанија за што СДСМ веќе се согласи. Ако Албанците не се согласат да стават белег од Република Македонија на нивното национално знаме, тоа ќе биде по стоти пат потврдено дека ДУИ териториите каде има албанска локална власт ги смета за албански територии во Република Македонија , означени со граници, а еве сега и со албанско знаме, а граѓаните во тие територии имаат посебни привилегии за движење и работење низ цела Република Македонија.

По однос на предлогот да имаме големи и мали знамиња, сакам да го кажам следното.

Историјата потврдила дека злокобна е идејата за големи и мали држави, животни, слики и знамиња. Та нели имало големи животни диносауруси и нив сега ги нема, останаа малите. Та нели, Балканот имаше идеи за големи држави, а денес останаа само малите. Та нели пред 15 години овде во овој Парламент имавме големи и мали слики, па големите ги снема, останаа малите. Да не кобиме кога нешто се прави физички да е поголемо, во неможност да се покаже неговата духовна, природна големина, тоа нешто е пред крај. Носењето на овој закон ќе значи дека песокот под камената врата на пирамидата започнал да тече. Кога ќе дотече вратата од пирамидата се затвора, без можност некој од внатре да ја отвори.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски должен сум, бидејќи се повикувате на Уставот, да ве информирам дека во Уставот нема термин малцинство, туку етнички заедници, а второ, во пирамидите секогаш имало излез .

Господине Флоровски повелете.

**Александар Флоровски:** Ќе говориме отворено, онака како што вреди да се говори, иако законот од 10-тина члена некој ќе го толкува како мал, не битен, ако се гледа со очите на обичниот гледач. Но законот е повеќе битен од повеќе аспекти. Нели треба да има сопствен коментар и соодветен коментар, за да работите утре и денеска и во иднина не останат недокажани, нејасни и во иднина некои наши генерации не не обвинуваат дека извршивте велепредавство на Македонските национални интереси, сметам дека треба многу работи да се отворат. Колку ќе биде доблесен господинот заменик министер да одговори. Минатиот пат кога беше присутен не одговори на ниедно прашање, стана си отиде, но, тоа не е битно, битно е што јас ќе говорам. Колку од тоа ќе прифати, најверојатно, ништо нема да прифати. Битно е да се отворат некои дилеми кои ме мачат како Македонец, како човек, како жител на оваа држава и човек кој, не дај боже, со Господ напред, мисли да ја гради сопствената и иднината на своите деца, овде, во оваа матична македонска држава, без намера да бега некаде надвор, што за жал, е тренд кај младата македонска популација. Според тоа, мора да се говори јасно, отворено, недвосмислено. Тоа е поенатата на сето тоа што се случува во државата, наназад од 2002 година па до ден денешен. Не велам дека немало грешки претходно. Јас некого да го апсолвирам посебно, сите сме свесни за сопствените грешки, човечки е да се греши, но, на сопствена штета и на штета на македонската кауза и на Македонскиот народ е многу болно, барем за мене и лично ме погодува.

Првата забелешка според мене, требаше да се донесе закон за знамиња, а не за употреба на знамиња, како една логична последица. Човекот се качува поскали, не се качува пет скали одеднаш, туку оди постапно. Значи закон за знамиња, кој ќе дефинира што значи знаме. Како ќе изгледа итн. Како основно обележје на идентитетот на една држава. Претходно требаше да се донесе законот за грб, но го носиме 15 години и уште влечеме корени од добриот стар, социјалистички период, кога сите убаво живеевме, во времето на едноумието. За жал, сеуште овде позади нас фигурира, бидејќи се немаше желба да се донесе земскиот македонски грб стар околу 500 години, но тоа е проблем меѓу нас македонските политички партии. Не најдовме за сходно.

Велевме дека тоа е ВМРО-вски грб, иако грбот стои како знак на македонските земји или во превод латински "цимари македонски земља", не го донесовме, ќе се заматкаме и ќе се завлечеме со овој грб и ќе излегуваме со пасоши без грб, нешто невидено во европски, можеби во афрички услови. Тоа е жива катастрофа.

Што значи знамето како симбол? Се одбележува идентитетот на една држава, по што се познаваме. Кога се оди на спортски манифестации, се крева знаме, кога се оди пред Обединетите Нации се крева знаме, кога доаѓаат странски државници во државата, се крева знаме наше и нивно. Доаѓаме во една многу чудна, апсурдна, да не кажам небулозна ситуација, која некако многу тешко можам да ја сварам, затоа што законов кој е понуден барем можеше да биде малку пообемен, да се објаснат некои работи, а не едноставно да ни се фрли пред маса и една веќе договорена работа да се изгласа овде, иако имате веќе амандмани. Имате двајца пратеници на ПДП и имате амандмани од вашиот коалиционен партнер, од ДУИ, за кој после ќе дискутирам. Многу интересен амандман ако се прочита, а сигурно ќе ги коментирам и излагањета на господинот Субхи Јакупи дадено на три страници, кое не ми остави некој посебен впечаток. Работава испадна дојдов, кажав и ќе си седнам и ќе чекам да дојде време за гласање.

Прво, зошто овој закон се носи по скратена постапка. Зошто работите се носат секогаш прекутрупа, набрзина да се фати некој на спиење. Зошто не се бара еден поширок консензус и од опозицијата олицетворена овде од мојата лева страна, од ваша десна страна. Зошто еднаш не научивте дека по вакви прашања мора да се прават многу поширoки консултации. Не во врвовите на политиките елити, но да се консултира она што значи научна јавност, она што значи луѓе кои се бават со оваа проблематика, луѓе кои ја познаваат оваа проблематика, луѓе изверзирани со оваа проблематика. Едноставно кажано никогаш не се наоѓа волја, говорам условно, од нашава страна кога се работи за македонските национални прашања, како што е денес на дневен ред, да се исконсултира македонското научно тело, ако можам така да го крстам, олицетворено во МАНУ и разноразни други организации. Значи, договор меѓу политичките елити од СДСМ и ДУИ седнаа, решија, предложија закон, чиј закон го гледаме пред нас и чии консеквенции ќе ги почуствуваме осум дена по објавувањето во Службениот весник. Јас тука на албанците воопшто не им се лутам. Јас многу пати спомнав дека ви завидувам на вашето албанско единство, кое ние го немаме. Дали се работи за генетски код кој е извитоперен, доживува некоја мутација кај нас, а кај вас тоа го нема кога се работи за битни прашања од албанската кауза сите сте единствени. И, честитки за тоа. Никогаш овде како македонски партии ние не седнавме да договориме битни работи што значат општо и на македонската држава и на македонскиот народ. Барем јас не памтам, а поминав овде скоро десет години. Нон-стоп нешто се консултираме, наоѓаме некои варијанти и на крај никогаш не успеваме да најдеме вистинска варијанта. И, тука вие ја користит3е нашата македонска слабост и

поентирате, да не кажам ни давате шустер мат. Ние ќе се гледаме овде како телиња, а вие во себе ќе се смеете и ќе ликувате, затоа што она што го работите го работите успешно морам да го признам тоа. Имам доволно доблест да ги говорам работите јавно и секогаш јавно ќе ги говорам. Многу интересна работа е сета оваа коалција која ги носи овие битни закони. На пример, СДСМ гравитира лево, ЛДП го држи меѓуполитичкиот центар, лево малку од политичкиот центар. Вашата квалификација како политичка партија не можам да најдам, не сте ни лево, ниту десно, ниту политички центар, туку ги браните правата на албанците со сета сила, иако ги имате и овде толку екстремно се што може ако ви се даде, брзо се бара да се земе цела рака. Една чудна филозофија испреплеткана во опстојувањето на оваа коалција. Во разговор со еден мој пријател, вика, Флоровски, како функционира таа коалиција и кој каде припаѓа. Ми кажа доста интересни термини, кои јас овде не сакам да ги спомнам, прво поради себе, второ поради тоа што не сакам никого да навредам. Тоа е за знамето, се е во контекс со знамето. И, да не говорам какви суперлативи даваше за таа коалиција, не е ни битно, тоа е мислење на обичниот македонски народ. Може и мислење на обичните албанци. Со фаќањето на позициите, веќе не се консултираат необичните албанци, претпоставувам. Тоа се вика функционерска болест. Да се нема основно чувство за национален дигнитет е тоа вистинското што внесе во мене, а верувам дека многу македонци овде ги погодува. Секојдневно правење на отстапки на сопствена штета, дефинитивно говорат за две работи. Или со нас македонците или владеачката гарнитура нешто не е во ред ментално, говорам за ДНК што значи, или во прашање е полилтички дил и опстанок по секоја цена. Тоа се вика или "џа" или "бу", трето нема. Значи или проблемот е во нашите глави или ајде да истераме до 2006 година, па после ќе видиме. Ме погодува инертноста на македонците, вистински ме погодува како македонец пред се, како национално определен, како националист, како сакате крстете ме. Ме погодува инертноста и на политичките претставници на македонското гласачко ткиво овде. Не може по вакви битни прашања да се премолчуваат некои работи, макар да се од владеачката гарнитура. Зашто и ние кога бевме на власт, отворено говорев за маните на таа влада и за Охридскиот рамковен договор и кога се навалуваше да се брише МПЦ од Уставот и за преамбулата, исто така, ја критикував и ја напаѓав Владата на која и давав поддршка на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ништо страшно не гледам во таа работа. Законот е шминка, ништо друго. Покритие за она што веќе е договорено. Овде има 12 члена, со завршната одредба 13 члена каде што стапува на сила. Тоа е чиста шминка на еден договор, кој договор е во Кабинетот не знам каде во чиј кабинет. Последиците ќе ги почуствуваме и ќе бидат вакви или онакви, не можам да претпоставам, но некој утре може да се кае за оваа одлука, но тоа ќе биде многу касно, ќе нема поправен испит. Стекнатото право не можете да го одземете, а тоа и на вас ви е јасно, јасно ни е и на нас. Значи, да се прават политички отстапки без преседан, како што е породен овој закон за употреба на знамиња, а немаме закон за знамиња, крајно е небулозно, крајно е наивно, крајно е аматерски, ако може така да се крсти. И, сега ќе појдам од една обратна позиција. Ако веќе состојбата е ваква и мора да се прифати како предлог на Владата, зошто ова е една мека варијанта, контра имаме амандман од ПДП за една потврда варијанта, вие имате нешто измеѓу, секогаш така се игра, добар и лош полицаец, тоа во политиката е одамна познато, исто и тука така се игра. Ајде да речеме дека се ова е во ред за доброто на Македонија, за иднината на оваа македонска држава. Работите ајде да ги поставиме на една обратна страна. Овде според пописот се 25,4%, иако многу релевантни фактори говорат сосема поинаку, како добра волја, она што вие го нотиравте овде во вашето излагање, ни говорите за сожителство. Една флоскула која е пласирана во 90-тите години од тогашната прва книшка на СДСМ, сожителство значи две работи. Живеење едни покрај други и живеење едни со други. Сега кој како ќе ги свати работите. Да говориме од една обратна страна дека во Албанија има 250 до 300 илјади македонци, што православни, што со исламска вероисповест, ако веќе сакаме да градиме еден траен мир и едно трајно сожителство, иако таа е фиктивна работа во која лично не верувам, пример, еве ДУИ која е моќна и голема партија, која е поврзана со Приштина и Тирана зошто не се направи чекор на добра волја да им се помогне на тие македонци таму. Еве, формираа политичка партија, ама не ги регистриравте пред изборите, ги регистриравте после изборите. Им оставивте четири години слободен простор да лутаат во македонските села и околу Мала Преспа и големите градови во Албанија, а може понатаму да ви текне па да ги укинете. Како знак на добра волја што не го кренете овде гласот или кога одите во Тирана да побарате права вакви или такви за македонците, како овде што ги барате. Исто така, да се заложите македонците од Албанија да го вејат нашето национално знаме или државното осмокракото сонце или лавот да го вејат, но веднаш ќе ги санкционирате. Тоа значи за мене дух на добра волја, на заедништво, на соработка. Не можете да одите по линија ние само да бидеме добитниците, а другите кој ги шиша, во случајов македонците. Тоа е за мене дух на добра волја. Субхи Јакупи како заменик министер кога ќе оди во Албанија да поразговара со Фатос Нано и со претседателот на албанската држава и да му каже, да македонците во Албанија се максимално коректни, почитуваат она што значи Охридски рамковен договор и дајте да направиме нешто за тие македонци. Од Мала Преспа и пошироко, иако бројката секогаш ја негирате, а таа не е мала. Мала Преспа, па Голо Брдо, Корча, Тирана,

Подградец, да не ги бројам,ако не се 250 илјади, преку 200 илјади се и ви гарантирам. Но, сето она што значи исламизирано, не значи дека се албанци. Како што вие не правите разлика, албанци, католици, православни и муслимани, ред е и ние да не правиме разлика. Нивниот мајчин јазик е македонскиот. Дајте да видиме дух на добра волја од вас функционерите. Нашиот глас се слуша на оваа територија, вие нон стоп шпартате, лево, десно низ Европа, а и во вашата матична држава, па ред е да се заложите за правата на македонците. Макар една десетина од она што вие го имате овде. Една десетина, ништо повеќе. Тоа за мене значи коалиција, тоа за мене значи дух на добра волја. За тој дух на добра волја од таму стигна и овде и да не бидете предмет на критики и навреди. Ако сте искрени во вашите намери, тоа ќе го направите. Или, се работи за нешто друго. Во очи на изборите да излезете и да им кажете на митинзите браќа албанци, ние направивме ова, ова и ова и гласајте на нас повторно. Најверојатно, тоа е целта. Ќе верувам во вашите искрени намери, доколку нешто направите за македонците во Албанија. Тогаш, со полно право ќе можам да станам и да кажам, алал нека ви е, помогнавте и направивте нешто.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ајде сега полека враќајте се на законот.

**Александар Флоровски:** И, сега, ова беше таканаречено пледоае или увод, како сакате.

**Љупчо Јордановски:** Не ова е вашата втора дигресија, ако не сте биле порано, знајте дека јас давам три дигресии, а после третата ќе ве прекинам.

**Александар Флоровски:** Можете да ме прекинете и веднаш ако сакате јас не се лутам. Ја имате таа позиција и немам намера да се карам, биоритамот не ми е баш денес за кавги, а најмалку имам намера со вас да се расправам. Ќе го почитувам она што значи прв меѓу еднаквите, ако веќе сме еднакви, ама не сме еднакви. Вие седите повисоко од мене, ги гледате сите многу поубаво.

Да се вратиме на законот. Всушност, сето ова што го говорев е во функција на законот, затоа што два пати спомнав донесување на ваков закон со можните измени по амандманите на ДУИ и она што го предлага ПДП по членовите 4, 5, 6 и 8 да се брише зборот "мнозинство" и да стои процентот од 20% е во склоп на законот. Јас поинаку и не можам да го разберам тоа. Но, никогаш не сум бил стереотипен, сакам на работите секогаш да им пријдам потемелно колку можам и колку е тоа втемелено, тоа е друго прашање. Колку успевам да ги изанализирам добро работиве, но успевам и мислам дека успевам. Кога говорев околу овој закон, ставот на хералдичарите го слушнавте. Хералдиката е наука за грбовите, кој не го знае тоа, не е за знамињата, е за грбовите. Но, зошто не се слуша гласот на една еминентна институција, како што е МАНУ, тоа е исто така чудно. Зошто не се слушна гласот на Сојузот на борците. Ако веќе во минатото тие луѓе од Сојузот на борците се јавуваат во разни места и заедници, со поддршка ваква или таква во периодот на нашето владеење, може и сега да ги слушнеме што за нив значи националното знаме на албанците двоглавиот црн орел на црвена основа. Нарочно, периодот од 1943 до 1945 година. Јас би сакал како човек и нив да ги слушнам, што тие мислат за тоа знаме.

Во законот има една апсурна ситуација, а тоа го вели господинот Субхи Јакупи, прво, ќе се ставало македонското знаме и што тоа значи.Прво ќе се крене, а после две минути ќе се крене албанскот знаме и ќе бидат два метра лево или десно. Тоа се три јарболи на иста висина. Дали македонското знаме ќе стои највисоко како државно знаме или вашето знаме ќе биде спуштено за една четвртина или една третина ако се подели јарболот од 6 или 7 метра колку е висок. Тоа требаше да го регулирате вие, ова е македонска држава, господа. Како што не може македонското да биде барабар со албанското во Албанија, не може вашето знаме да стои барабар со македонското овде.

И на крај, без да увредам некој Албанец, ова знаме го имаат веано и припадниците на баликомбатарот кои за време на Втората светска војна, буквално правеа ршум низ Западна Македонија и војната 2001 година. Но, тука не говорам за сите албанци. Реков за припадниците на баликомбатарот. Значи не класифицирам нации, како цела нација лоша. Има и добри и лоши, како што има и меѓу нас и добри и лоши. Тоа е до човекот, тоа е до генот, тоа е домашното воспитување. Затоа и спомнав претходно, сакам да го слушнам гласот на Сојузот на борците, поради оваа работа што претходно ја спомнав.

И едно битно прашање, еве до вас.

Дали таму каде што се мнозинство Албанците, а Турците се 10 до 15%, во име на сожителството, вие ќе имате добра волја да го кренете и турското знаме, иако не се мнозинство, а имате 15% или 20%. Дали вашите челници во одредени општини имаат добра волја да го кренат турското, или не знам влашкото или било кое друго знаме. Ако веќе вие имате право да го веете знамето, имаат право сите други да го веат и нивното знаме. Со што вие придонесовте да бидете привелегирани, а другите етнички заедници да бидат бришани. Тоа се прашања за кои треба дебело да се подзамислите, говорам за коалицијата и вакви решенија произлезени од малите мозоци на некои луѓе, не знам кој ги прави овие работи, да се нудат квалитетни решенија, прифатливи за сите. Ова не е играње петкамци. Овде се одлучува за државнички работи, се одлучува за национален дигнитет, се одлучува за судбина на овој народ. Говорам за македонскиот народ. Вие ќе имате алиби да излезете пред вашите гласачи.

Што е најстрашно во сето ова и што мене ме погодува? Ме погодува односот на медиумите. Бегло туку така ќе се појави некој напис, ќе се

носи закон за употреба на знамињата, освен емисии, не знам "Чуму" дали организираше, неговата последна и претпоследна емисија не ги гледав, дали има намера сега да прави, не сум во тек, затоа реков не знам. Она што не го знам ќе кажам не го знам и не го следам. Значи, односот на медиумите, да не се крене гласот, да се отвори еден поширок фронт, овде да можеме ние полноважно да разговараме, да разговараме, да се договориме и да гласаме. Гледам многу гласила, тие исти пишани и електронски медиуми, на времето, со 200 невладини организации, плукајќи ја бившата Влада. Не го кажувам тоа дека ја бранам таа Влада, но говорам за односот. Заправо тие новинари веќе ги нема, 99% се веќе портпароли во разни министерства, но не е тоа тема на разговор.

Сето тоа е поврзано  со Охридскиот рамковен договор. Неспорно.

Вие велите дека со амандманот 8, неспорно е дека е уредено прашањето за употреба на симболите. Тука е само нотирано дека треба да се заврши таа работа. Како треба да се заврши, тоа е работа на договор овде. А дилот кој го направи СДСМ со вас е многу штетен за македонците. И сакам јавно и отворено да ве прашам овде, дали ќе ги прифатите амандманите поднесени од група пратеници на ПДП, дали ќе ги прифатите таму каде што сте мнозинство, да се брише зборот "мнозинство", како предлог на Владата и ќе прифатите 20% како предлог на двајца пратеници од ПДП. Баш ме интересира дали ќе го прифатите тоа или не, или дали ќе го прифатите амандманот потпишан од пратеничката група на ДУИ, по членот 6 се додава нов член 6-а, а кој гласи и тн., го имате пред вас. Ме интересира дали ќе го прифатите, каде што говорат дека знамето на таа заедница ќе може да се истакнува и во месните самоуправи, значи месни канцеларии, како и пред образовните и културните установи. Ме интересира вашето мислење, вашиот став, дали ќе го прифатите овој амандман, контра Владата. Еве го амандманот, потпишан предлагач господинот Рафис Алити и Недим Разими. Ме интересира дали ќе го прифатите?

**Љупчо Јордановски:** Ќе дојде време ќе видите.

**Александар Флоровски:** Значи, сума сумару, со многу закони претходно и со овој закон, да не кажам направивте шопска салата, подоро ќе кажам босански лонец, човек просто да не може да се изначуди колку умни и паметни луѓе седат овде, штом еден ваков закон проаѓа со 12 члена, без притоа да се направи клима во македонската држава, да не се создаде револт по автоматизам кај македонците, туку едноставно ни се тутнува на маса и ти вика земи или остави. Јас овој пат ќе ви кажам дека ќе оставам и нема да гласам за овој закон, а вие гласајте си го, нека ви е со среќа и ќе се видиме, со Господ напред 2006 година, кој како ќе победи. За жал, едно само морам да нотирам дека стекнатото право нема право никој да го одземе и она што е направено како грешка, за жал не може да се исправи.

Благодарм.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

До колку дозволите вакви и општи дискусии, да правиме анализа за односите 2001-2005 година, тоа повторно ќе не врати назад во една неплодотворна дискусија и дебата и веројатно ќе треба да побараме ние пауза, да ги подготвиме нашите говори за политичката ситуација, Македонија 2001-2005 година, а не да зборуваме за законот што конкретно е овде на маса пред нас пратениците.

Се јавив да реплицирам само во еден момент кој исто нема врска со законот, а беше спомнат.

Најмалку македонските интереси, за жал, но тоа често се повторува, се бранат на овој начин, вие како што сакате господине Флоровски да го направите тоа, со вреѓање, со омаловажување, со малодушност, со потценување на македонците. Така не се бранат македонските интереси. Не се бранат македонските интереси секогаш кога ќе кажеме дека некој друг е виновен, без разлика дали се тоа албанските политички партии, или вашите постојани политички противници, новинарите и медиумите. Не, македонските интереси се бранат онака какошто и доликува и заслужуваат Македонците, најмалку со вреѓање, понижување, омаловажување и со постојана молдушност. Се согласувам дека проблемот е во нечии глави, но не во главите на СДСМ. СДСМ одамна нема проблем затоа што се определила за европската иднина, а не за националистичкото минато.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас, на некој начин, бидејќи бев, не прозван, туку мал коментар, да кажам дека јас и понапред реков дека овој  е емотивен закон, емоциите не можеме да ги кнтролираме и сакам да се дискутира како секој нормален закон. Тоа е тоа. Но, затоа го обновив правото на три дигресии и после третата дигресија ќе прекинам.

Повелете господине Флоровски имате контра реплика една минута.

**Александар Флоровски:** Господине Макрадули, кој како ја брани Македонија и кој како ја бранеше Македонија, не сакам да говорам, а можам да ви аргументирам многу работи, не е место и време да ви кажувам. Но, ако вие се најдовте погоден, тоа е ваш проблем.

Јас  не ги омаловажував македонците. Меѓу тие македонци спаѓам  јас. Ако ги омаловажувам и себе си се омаловажувам. Говорам за една наша негативна тенденција која е факт. Говорев за не единството кое ние овде го градиме, како парадигма на обичниот македонски народ. Ако ние овде покажеме единство, верувајте и надвор ќе имаме единство. Во тој контекст говорев, без

да омаловажувам. Не сум толку глупав да дозволам прво себе си да се омаловажувам. Јас припаѓам на овој македонски нард, не припаѓам на некој туѓ народ. А за предавлствата можеме да говориме колку сакаме, по некоја друга тема.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рафис Алити имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседтеле.

Навистина со големо внимание го следев колегата Флоровски сето тоа што го кажа за коалицијата, за правата на македонците во Албанија и тн. Тој за тоа многу говореше, меѓутоа многу малку за законот кој е предложен од Владата.

Господине Флоровски, на вас сигурно ви е јасно, бидејќи добро ја познавате историјата на Албанците и знаете дека албанците се автотон народ тука, тие што живеат во Република Македонија, а не дојденци. Со ова ќе ве потсетам на вашиот говор, кога пред неколку дена рековте дека од притисокот или репресијата која сте ја почувствувале во Грција и дека преку Албанија сте приморани да дојдете во Македонија. Добро е тоа што го признавате, меѓутоа би било добро доколку повеќе говорите за државното знаме и за знамето кое им го предлагате на Македонците во Албанија, знамето со лавот, што го кажавте вие, или знамето со сонцето со осум краци. Би требало тогаш да го спомнете и знамето со 16 краци. Не само што бевте доста конфузен и јас не знам што со вашиот гвор што сакавте да им препорачате на Македонците надвор од државата, кое знаме сакавте да им препорачате да го употребат. До колку чувствувате за потребно да предложите такво знаме, тогаш би требало да бидете потранспарентни во тоа, не само во меѓу редови да го кажувате.

Уште еднаш ќе ве потсетам дека времето бара во Република Македонија да се донесе закон за употреба на знамињата и тука Албанците не бараат ништо повеќе или помалку од тоа што им припаѓа. Многу е нормално и во иднина ние да ги бараме нашите права затоа што Македонија ја чувствуваме како наша земја.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Флоровски една минута.

**Александар Флоровски:** Мора да се ловат работите. Рековте ваша земја, не ваша држава. Има голема разлика меѓу тие два термина. Ако не ви се јасни земете Вујаклија, ќе ви се разјасни.

Точно е дека Македонците од Егејска Македонија влегоа во Албанија, дека ги пропуштија, но не дојдовме во Македонија. Поминавме десетина држави и дојдовме овде, колку вие да знаете.

Не праќам препораки. Нашите надвор се приврзаници на старото македонско знаме Кутлеш. Затоа јас реков не знам кое знаме ќе го веат, дали ова што е постоечко, дали ќе го веат старото, или ќе го веат лавот, тоа не е ваша работа. Тоа е македонска работа. Тоа вас не треба да ве засега.

Околу автотоноста, можеме многу да говориме. Таа е историска тема. И да претендирате на една таква работа, без материјални и без секакви други докази, мислам дека е многу наивно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Јашари имате три минути реплика.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Има многу прашања за кои треба да му реплицирам, но ценам дека пратеникот не заслужува да му реплицирам, туку ќе направам максимални залагања, во форма на реплика да дадам и некои информации кои сигурно тој не ги знае.

**Љупчо Јордановски:** Ако реплицирате реплицирајте. Ако имате информација јавете се дополнително.

**Аднан Јашари:** Ќе реплицирам.

Господинот говори за именувањето на законот, тали треба да биде закон за знамиња, или треба да биде закон за употребата на знамињата, како што е предожено од предлагачот на овој закон.

Прво,традиционално, ова прашање во Република Македонија е регулирано со именување на законот со такво име. Колку за ваша информација, треба да нагласам дека во 1973 година, законот беше Закон за употреба на знамињата, како што го има насловот и овој Предоог на закон. Во 1997 година, исто така го имаше ова име, така како што го носи и Предлог-законот кој ни е понуден.

Второ, до колку беше како што вие предлагате, закон за знамиња, тогаш неопходно требаше да се предложи и еден друг закон, закон за употреба на знамињата. Додека од друга страна, текстот на овој закон, до колку сте го прочитале регулира една материја која ќе го регулира законот за знамиња со една додавка дека со овој закон се регулира и прашањето за употреба на знамињата. Од тука ценам дека вие треба да признаете дека е најдобро ова прашање и оваа обалст да се уреди со еден закон каков што е овој предложен закон и да не одиме со два посебни правни акти.

Понатаму, говорите за пропусти. Не ве разбрав за какви пропусти говорите, но и покрај тоа да не заборавите дека овој закон е уставна обврска, обврска која произлегува од Охридскиот рамковен договор и токму Владата преку овој Предлог-закон сака да ги исполни овие обврски.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Флоровски една минута.

**Александар Флоровски:** Ова беше реплика или не беше реплика? Не можам да ве сфатам. Прво велите не реплицирам, а после реплицирате.

**Љупчо Јордановски:** Реплика беше.

**Александар Флоровски:** Можеби конфузноста ви е својствена, така што нема да навлегувам, ваш проблем е дали реплициравте или не.

Јас говорев за законот за употреба на знамиња, а не за законот за знамиња. Како предлог дадов дека треба да се донесе закон за знамиња. Но тоа е ваш предлог вие како ќе се договорите во коалицијата.

Многу бевте конфузен во вашето излагање. Она што сакавте да го кажете, не успеавте да го кажете, но тоа е ваш проблем.

Ако говорите за 1997 година, да ве потсетам само на гостиварските настани токму околу знамињата со денешниве ваши коалициони партнери. Во самиот говор кажав дека ова е обврска од Охридскиот Рамковен договор, пак ќе повторам, но таму не стои како треба да биде, туку само пишува дека треба да се седне, да серазговара и да се донесе закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Флоровски.

Повелете господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Во однос на Предлогот за донесување на закон за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, со Предлог на закон, би го кажал следното:

Според Уставот односно според измените на Уставот врз основа на Охридскиот договор, неспорен факт е дека има потреба од донесување на еден ваков закон, но уште на почетокот би кажал не ваков каков што е предложениот закон.

Предложениот закон кој е на разгледување на денешната седница сметам дека може да биде пример за еден лош и неупотреблив закон, кој баш ништо нема да реши. Фактички истиот е само проформа да имаме закон. Зошто го велам тоа? За да има регулатива за употреба на знамињата на заедниците, мора да има и материјална регулатива кои се тие знамиња на заедниците, на кој начин се донесува, кој ја донесува, што може или што не може да биде знаме на заедница.

Целиот закон содржи 13 члена, од кои само три члена во општиот дел регулираат материјално право, опишувајќи што е заедница и дека има право на сопствено знаме кое ќе го донесат тие. Дали е доволно тоа или утре кога ќе стапи во сила овој закон кои знамиња заедниците ќе ги имаат. Дали може заедниците годишно, полугодишно или на пет години да ги менуваат своите симболи.

Од тие причини, сметам дека Владата направила голема грешка што сака да го протури овој и те како краток но суштински закон и закон од големо значење, кој што создава и подига тензии во Република Македонија. Законот требало да го предложи во две фази, ако ова беше само Предлог за донесување на Закон сметам дека би имало место да разговараме и да дадеме свои забелешки и мислења. Но, бидејќи законот е предложен со Предлог закон, сметам дека истиот не треба мнозинството пратеници да го поддржат и дека треба да го вратат на Владата со заклучок да подготви закон кој ќе одговара на потребата за донесување закон на заедниците, закон за употреба на знамињата на заедниците. Многу малку може да се зборува за законот за знамињата на заедниците, бидејќи такво нешто нема, но сите пратеници прејудицираме, а тоа произлезе и од расправата на седниците на комисиите. Исто така, во изминатите 15 години јасно е кои знамиња ги употребуваат заедниците во Република Македонија. Сметам дека заедниците главно ги употребуваат знамињата на државите на кои тие припаѓаат како националност. Ако остане така законот и ако помине без да се интервенира во него и ако употребуваме знамиња на други држави на кои им припаѓаат етничките заедници во Република Македонија, на тие држави, тоа е една лоша работа за Република Македонија. Во светот засега многу малку има такви држави. Знам дека само во Романија заедниците или унгарското малцинство го употребува унгарското знаме. Македонија не треба да зема нешто што во светот допрва почнала да се прави и не се знае дали и до кога ќе биде таму така. Заедниците во Република Македонија како основно знаме треба да го имаат државното знаме, кое треба да го штитат под еднакво сите граѓани во Република Македонија и многу малку да настојуваат да се употребува некое знаме на друга држава, заради тоа што секоја држава си има свои симболи, има знаме, грб и химна, што ја одбележува државата територијално и национално во смисла на сите граѓани кои припаѓаат на таа држава дека стојат под тоа знаме, ја слушаат таа химна и го имаат тој грб што го избрале и што го донел соодветно собрание. А овде да се употребуваат знамиња на етничките заедници, за кои никој ништо нема да знае кој ќе го донесува и како ќе го донесува и кое знаме ќе се употребува. Од тие причини постојат безброј амандмани поднесени на овој закон скоро од сите пратенички групи. Во однос на фактот дека во Република Македонија треба да се дефинира што не може да биде знаме на заедниците, а тоа е знаме на друга држава, а такво нешто мора да постои во овој закон, со што би имале мир и спокојство сите граѓани, без разлика на која етничка заедница припаѓаат. Најмалку ќе има мир ако некоја етничка заедница употребува знаме на државата на која и припаѓа по националност. Тоа е во општиот дел и сметам дека не е во ред содржината во однос на материјалниот дел на законот.

Накратко би сакал да се осврнам и на употребата и да кажам што не чини.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

Во членот 5 се наброени условите каде се употребуваат знамињата на етничките заедници во Република Македонија, каде што се зборува

дека се употребуваат знамиња и на државните објекти кои припаѓаат во деловите на локалната самоуправа каде што граѓаните по број се повеќе како етничка заедница. Би поставил само едно прашање и треба сите да размислиме, што би било во локални самоуправи кои граничат со било која држава, дали и таму ќе ги употребуваме знамињата на сите државни гранични премини, на караули, бидејќи таа територија припаѓа на локалната самоуправа каде повеќе од половината припаѓаат на некоја етничка заедница кои не се македонци. Тоа укажува дека и во овој дел нема решение, не е напишано дека таму не може да се употребува. Значи може да се употребува и таму. Според мене, доколку дозволиме овој закон како таков да помине и доколку заедниците во Република Македонија, бидејќи нема да има причини ако помине овој закон да не ги употребуваат знамињата на други држави, што укажува дека на нашите гранични премини ќе се веат две државни знамиња, македонското и на некоја друга држава. Тоа се пропусти во законот и сметам дека Влаата не смее да дозволи овој закон да оди во една фаза. Во првата фаза сите амандмани и укажувањата во дискусиите да се земат предвид, Владата да го преработи овој закон, при што би учествувале сите парламентарни групи, за да добиеме еден консензус без да имаме различни размислувања и да можеме да се усогласиме. На Република Македонија и е потребен договор меѓу сите граѓани и етничките заедници за да можеме да живееме мирно и да ја градиме државата за да оди напред, а не да имаме судири дека некој ја сака повеќе а некој помалку. Мислам дека сите треба под еднакво да ја сакаме и под еднакво ја сакаме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Со оглед дека листата е исполнета до крај, после дискусијата на господинот Манев да видиме кој е пријавен за реплика.

За реплика се пријавени двајца пратеници.

Реплика за господинот Абдилаќим Адеми.

Повелете три минути господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Сакам да реплицирам на некои делови и тоа кога се вели дека требаше да усвоиме закон за знамињата на етничките заедници, кажав и повторно ќе кажам дека ние како парламентарна група, а не како етничка заедница тука во Македонија, сосема сме согласни да се усвои закон за знамињата на етничките заедници, заради тоа што за нас е многу јасно кое ќе биде нашето знаме и кое ќе биде знамето на албанската етничка заедница. Незнам другите како би се определила.

Потоа велите дека тука треба да се утврди дека знамето на етничката заедница не може да биде знаме на друга држава. Тука конкретно ќе говорам за албанската етничка заедница зошто можеме да го користиме ова знаме кое го користиме тука во Македонија. Прво, затоа што употребата на ова знаме ни се дозволува со самата преамбула на Уставот на Република Македонија, затоа што во преамбулата на Уставот се вели дека има Македонски народ и други народи, што значи дека ние го имаме тоа заедничко знаме. Ние не бараме ова знаме да биде државно знаме, туку наше знаме и во законот и во Рамковниот договор се вели дека етничката заедница сама го утврдува знамето кое ќе го користи. Значи ние ова право повторно го имаме како етничка заедница и понатаму со Охридскиот рамковен договор во основните одредби се вели дека за изразување, култивирање и развој на идентитетот на етничките заедници тие можат да ги користат симболите на етничката заедница со која се е идентификуваат како таква. Интегритетот на државата со употребата воопшто не се повредува, затоа што во законот се вели дека знамето на етничката заедница ќе се користи заедно со државното знаме, значи освен во приватни случаи, во приватни настани знамето ќе се користи заедно со државното знаме.

Околу консензусот мислам дека Рамковниот договор претсставува консензус и дека другите консензуси не може да се толерираат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Пред да му дадам збор на господинот Ефтим Манев, би замолил во дискусиите кога веќе се повикуваме на Уставот и Деловникот да цитираме точно како што е. Во Уставот стои "Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот". Вие рековте повеќе народи. Со оглед дека во Собрание сме го донеле овој Устав, мислам дека треба точно да го презентираме.

Една минута контрареплика за господинот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Во однос на фактот дали треба посебен закон за знамињата или во овој закон, основно е да постојат такви одредби. И во овој закон во општиот дел тоа може да се регулира и тогаш ќе се знае дали е знаме на етничка заедница и кој го донесува. Етничките заедници не може неорганизирано да го донесуваат.

Другиот факт што го кажа колегата дека покрај македонското знаме ќе стои и етничкото знаме, неспоред е фактот дека може да се вее етничкото знаме, но дали може да се вее знаме на друга ддржава. Тогаш во тој закон ќе биде регулирано дали етничките заедници може да употребуваат знаме на друга држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Три минути реплика за господинот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател.

Господине Манев, и на седницата на Законодавно-правната комисија расправавме заедно во однос на ова прашање, но да ве информирам дека имав можност да го имам во раце законот за употребата на знамињата на унгарската заедница во Романија. Инаку, да ве информирам дека и таму не постои закон за знамиња, туку закон за употреба на знамињата, значи зборувам за Романија и да ви кажам дека 90% од текстот е истиот што е во овој Предлог на закон. Оттука, во оваа насока мислам дека не треба да има двоумење.

Друго прашање кое се постави и на Законодавно-правната комисија е прашањето во однос на изгледот на знамето. Јас ви реков на седницата на Комисијата и ќе ви повторам и сега, со амандманот 4 со кои е заменета преамбулата на Уставот на Република Македонија така како што се прочита и од потпретседателот, се вели дека ние сме дел од албанскиот народ. Албанскиот народ од 1443 година, 28 ноември во таа година, е определен за ова знаме како знаме на албанскиот народ. Од тука јас не гледам кое е вашето спротивставување, кога самата преамбула така како што реков и претходно не признава како народ, како дел од албанскиот народ.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Една минута контра реплика за господинот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Грев би било Република Македонија да не ги признава албанците како албанци туку да ги прави нешто друго. Тоа е факт, постоеле и ќе постојат. Друга е работата тоа што го зборува господинот Јашари, јас го спомнав, дека во Романија се употребува унгрското знаме. Но тоа е 0,5% од државите во светот во кои тоа постои. Дали ние треба да направиме 1% да има такви држави и дали треба да го пуштиме ова - имаме Академија на науките, имаме хиералдика, имаме повеќе политички партии - да расправаат за тоа и да се усогласиме. Нема спор, туку треба усогласување дали може или не може да се употребува друго знаме на друга држава во Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Три минути реплика за господинот Никола Апостоловски.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам потпретседателе,

Сакам да му реплицирам на колегата Манев во делот од дискусијата каде искажа едно негово размислување дека на граничните премини односно караулите кои се наоѓаат на територии на општини каде мнозинството од населението го сочинуваат етничките заедници ќе се вее знамето на етничката заедница, би го исправил во неговото мислење дека е грешка од причини што имаме Закон за престој и движење во пограничен појас, кој точно и децидно ги регулира движењата, престојот и сите останати работи во пограничниот појас, каде пограничниот појас е даден во ширина односно во длабина во територијата на Република Македонија и не може да стане збор на гранични премини и караули - сега веќе немаме караули, имаме нешто друго - дека може да се веат знамиња на етничките заедници. Таму тоа го регулира Министерство за внатрешни работи, а можам да го известам и да го потсетам колегата дека со преземањето на границата од страна на граничната полиција, најпрво што направивме го изменивме законот за движење и престој во граничниот појас.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Една минута контра реплика за господинот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Сметам дека мислењето на колегата Апостоловски е сосема погрешно, не може Република Македонија територијално да се дели на локална самоуправа која има свои делови и граничниот или пограничниот дел да е нешто друго. Тоа е сосема друго што зборува тој за движење покрај граница. Дали во овој закон стои дека на граничните премини нема да се употребува тоа знаме? Не стои. Штом не стои може да се употребува. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Манев.

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам потпретседателе, господине заменик министер, почитувани колеги.

Пред нас се наоѓа Предлогот за донесување закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон. Многу краток закон, составен од се на се 13 члена, но исклучително чувствителен. Имајќи ја во предвид јавната дебата која го следи со многу спротивставени и крајно исполаризирани мислења и ставови.

Она што мораме да го имаме предвид при расправата по ова законско решение е следното:

Овој закон со чие донесување, дефакто, се исполнува Рамковниот договор, што за Република Македонија е од исклучително значење. Имајќи го во предвид фактот дека со тоа ја исполнуваме најголемата преземена обврска во однос на Меѓународната заедница како примарен предуслов за нашите евроатлански амбиции.

Од друга страна овој закон кој се донесува со таканареченото Бадентерово мнозинство. Тоа значи дека нема надгласување и прегласување,

туку мораме да разговараме со силата на аргументите. Притоа сигурно дека е многу значајно да се издигнеме над теснопартиските и етничките интереси и да ги имаме пред се заедничките, државните интереси на Република Македонија.

Со регулирањето на ова чувствителна материја не смееме да предизвикаме натамошни делби или етнички тензии, туку напротив, овој закон треба да биде во функција на натамошна стабилизација на внатрешните состојби во Република Македонија преку подигањето на нивото на меѓусебната доверба и разбирање како основен елемент за градење на европска иднина. Покрај ова, со донесувањето на ваков закон, ќе се стави крај на хаосот кој владее денес во Република Македонија кога е во прашање употребата на симболите на етничките заедници. Хаос кој кај обичниот граѓанин предизвикува чувство на непочитување на државните симболи што, мораме да признаеме, делува фрустрирачки.

Имајќи го сето ова во предвид повеќе од евидентна е потребата за донесување на овој или ваков закон.

Предлогот на законот кој е пред нас од една страна го регулира правото на заедниците во Република Македонија да го изразуваат својот идентитет и особеност преку употребата на знаме кое самите го избрале, од друга страна го уредува начинот на употреба на тој симбол во јавниот и службениот живот, потоа го регулира начинот на истакнувањето на знамињата и на крајот ги предвидува казнените одредби за непочитување на законските решенија.

Како што ни е познато на сите Предлог законот за употреба на знамињата на заедниците претставува обврска и се темели на одредбите од Рамковниот договор. Во Поглавјето 7, точка 7.1 дословно стои: "во однос на симболите непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна на локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општината со почитување на меѓународните правила и примени".

Имајќи го во предвид членот 5 од Предлог законот што е пред нас, правото за истакнување на знаме на заедницата што е мнозинство во дотичната локална самоуправа покрај, пред и во објектите основани од заедницата на локалната самоуправа се проширува и на објектите на државните органи, јавните служби и правните лица од страна на државата.

Ова претставува квалификативен чекор напред во профилирањето на интензитетот и особеноста на дотичната заедница. Треба да претставува придонес кон зацврстување на меѓусебната доверба.

Инаку, во погоре цитираниот член од Рамковниот договор јасно и прецизно е детерминиран фактот дека знамињата на заедниците ќе се употребуваат во јавниот живот само во оние локални самоуправи каде заедницата е во мнозинство, како што впрочем предвидува овој Предлог закон, што според мене, и моите колеги од Пратеничката група на ЛДП е добро и логично решение и ќе придонесе за воспоставување на ред во оваа сфера.

Она што најмногу ги разбранува страстите во јавноста и предизвика најголема полемика во однос на овој Предлог закон е можноста што законот ја остава одделните заедници за свој симбол пред кој ќе го изразуваат својот идентитет и особеност да го изберат знамето на матичната држава што претставува пракса во Република Македонија. Навистина ова може да биде проблематична имајќи го во предвид Уставот на Република Македонија кој во член 1 и 2 вели дека, парафразирам, суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непреносли в и дека во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Имајќи ги предвид овие уставни одредби од една страна, а од друга страна како либерал демократи не можејќи да прифатиме и да се согласиме со било какви ограничувања во изборот на симболот со кој ќе се идентификуваат поодделните заедници во Република Македонија, поаѓајќи од становиштето дека сепак ограничено право не е право во права смисла на зборот, а истовремено гледајќи ја неопходноста од потребата, сепак да се направи дистинкција помеѓу државното знаме на Република Македонија кое е носител и го изразува државниот суверенитет и знамињата на заедниците кои ги изразуваат само нивните особености и идентитет, како пратеничка група на ЛДП го предложивме амандманот со кој предвидуваме државното знаме да е поголемо по димензии и при истакнувањето со другите знамиња на заедниците да се поставува еден метар повисоко. Ваквата положба на државното знаме на Република Македонија јасно ќе го детерминира како обележје односно симбол носителот на суверенитетот. Впрочем со државното знаме нормално е, потребно е и пожелно е да се идентификува секој граѓанин на Република Македонија, без разлика на верската и националната припадност. Затоа не држат тезите кои се пласираат од одредени кругови дека државното знаме е знаме само на македонците по националност што претставува сосема погрешна теза, бидејќи историски гледано и од аспект на хиералдиката Македонскиот народ најмалку може емотивно да се врзе за овој симбол кој денес е аплициран на државното знаме во смисла на национално обележје. На пример емотивно многу поголемо влијание и чувства кај македонците по националност предизвикува двоглавиот лав или сонцето од Вергина.

На крајот уште еднаш морам потенцирам дека со прифаќањето на амандманот поднесен од пратеничката група на ЛДП ќе добиеме закон кој може да издржи било каква критичка осцилација.

Истовремено ќе донесеме закон кој ќе ја апсорбира реалната ситуација која денес постои во однос на ова прашање во Република Македонија што ќе го направи лесно применлив, што е основен предуслов за успешен законски проект. Во спротивно се плашам дека секое законско решение кое нема да ја изразува реалноста во Република Македонија по однос на ова прашање, ќе остане само закон на хартија и ќе создава непотребни тензии посебно во сферата на меѓуетничките односи.

Ова е чувствителн закон кој, ако не биде широко прифатлив, нема да ја исполни својата цел и секогаш ќе биде фактор на разединување, наместо на сплотување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Реплика од три минути за госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Би реплицирала во делот на говорот на колегата Голомеов каде што тој истакна дека треба ние да се издигнеме над теснопартиските интереси и да се грижиме за државните интереси на Република Македонија.

Би сакала да го прашам дали со поголемото и повисоко поставено знаме на Република Македонија ЛДП и пратеникот Голомеов мислат да го зачуваат територијалниот суверенитет и интегритет на Република Македонија кој суверенитет во членот 1 став 2 кажува дека е неделив, неотуѓив и непреносив.

Дали употребата на албанското знаме - државно знаме на територијата на Република Македонија кое исто така го изразува суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Албанија кое ќе се вее на територијата на Република Македонија дури и на државните институции дали тоа не значи делење на суверенитетот на Република Македонија спротивно на Уставот и дури спротивно на Рамковниот договор кој ја гарантира унитарноста на Република Македонија и суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Значи, се прекршува со овој закон господине Голомеов и Рамковниот договор и Уставот на Република Македонија и Одлуката на Уставниот суд кој за сите нас треба да претставува уставна норма која јасно укажува дека туѓо државно знаме кое се употребува на територијата на Република Македонија значи загрозување на територијалниот суверенитет на државата Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контра реплика за господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Само да кажам јас не гледам во што е репликата, но ми се чини дека госпоѓата Бонева ова го искористи повеќе за говор отколку за реплика. Го спомна Уставниот суд, Одлуката на Уставниот суд, а на сите ни е јасно и познато дека по измените на Уставот имаме сосема нова ситуација во Република Македонија и во таква ситуација Уставниот суд не се произнел за ова прашање.

Сметам дека треба да донесеме закон кој ќе биде општоприфатлив и кој ќе може да се применува во реалноста. Секое спротивно решение само ќе биде закон на хартија и нема да содејствува со реалноста. Затоа сметам дека начинот на поставување вака како што го предлагаме ние претставува навистина обележје на суверенитетот на државното знаме на Република Македонија. Го идентификува како носител на суверенитетот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Три минути реплика за госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Колегата Голомеов говореше околу ставање на ред на хаосот кој сега владее околу употребата на знамињата. И јас сум за тоа, да, меѓутоа како е отворено прашање. Е, сега, тој спомна, ако се прифати амандманот на ЛДП, тој ја изразува реалноста и работите ќе дојдат во ред. Јас го видов амандманот на ЛДП, а реалноста ја гледам секој ден. Не знам дали колегата имал прилика толку често како мене да патува во Западниот дел на Македонија и поминувајќи низ селото Колари таму има едно спортско игралиште, ова е реалност колега, постојано има истакнато знаме на Република Албанија, на Соединетите Американски Држави и на Европската унија. Никаде нема државно знаме на Република Македонија. Ако овој закон вака како што вие предлагате навистина воведе ред, јас тогаш ќе ве повикам по донесување на овој закон заедно да отидеме таму и да видиме дали ќе се смени реалноста. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Една минута контра реплика за господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Госпоѓо Лалчевска, па вие ги потврдивте моите аргументи дека навистина денеска во Македонија владее хаос. Ова што го предлагаме ние како решение стоиме зад тоа и сметаме дека со такво решение кое ќе биде општо прифатливо ќе се стави крај на тој хаос и едноставно ќе добиеме закон кој може да издржи секаква критичка опсервација и на кој не може едноставно без аргументи да му се најде маана.

Инаку, што се однесува до патувањето, мислам дека додека вие бевте на власт не можеше ни да се патува во тие делови од Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници.

Јас мислам дека повеќе се бавиме со страничното прашање околу големината, видот, изгледот и тие работи, а не се занимаваме со суштинското прашање. Што треба да се постигне со овој закон, што треба да претставува употребата на знамето на Република Албанија кое албанците го идентификуваат за свое национално знаме на целата територија на Република Македонија каде мнозинство претставуваат деловите од албанскиот народ, како што делумно го толкува колегата од ДУИ, меѓутоа, заборава да го прочита во целост Уставот, а тоа е дека граѓаните на Република Македонија како делови од сите народи кои се наведени во Уставот. Значи, акцентот е на носителот на суверенитетот на Република Македонија кој е наведен во членот 2 од Уставот, а тоа е граѓаните на Република Македонија.

На овој начин со ваков текст на закон, вие го кршите Уставот на Република Македонија затоа што вие на овој начин не сакате да го користите знамето само како израз на националниот идентитет, културнито идентитет, туку сакате да го користите и како израз на територијалната автономија на албанците во Република Македонија.

Ако тоа е целта, тогаш треба јавно да го кажете тоа и да знаеме за што дискутираме во овој Парламент.

Она што го зборувате како закон за употреба на знамето јас не можам да го разберам дека претставува употреба на знамето на етничкиот колективитет кога во членот 5 наведувате дека знамето на колективитетот ќе се употребува во денови на државни и други празници на Република Македонија. Значи, на сите празници кои се утврдени со закон. Понатаму во денови на општински и други празници, во денови на празници на заедниците и што е најинтересно она што сакате да го претставите вашето етничко знаме како знаме кое треба да се употребува на официјално место и во официјални прилики односно во државна функција, тоа е делот од овој закон каде наведувате дека тоа ќе мора да се употребува при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, или како и на суверен или овластен претставник на Меѓународната заедница. Што покажувате со ова?

Ако ова претставува израз на националниот идентитет, на културниот идентитет, на историските традиции, јас не можам да разберам зошто кога доаѓа претседател на друга држава, кога доаѓа Претседателот на Република Македонија или кога доаѓаат претседателот и членови на Владата на Република Македонија мора да биде истакнато знамето на етничката заедница. Затоа што културниот идентитет, националниот идентитет вие го покажувате преку користењето или употребата, како што самите милувате да речете, на тоа знаме, а не преку официјалната употреба на албанското знаме. Што е уште полошо на албанското државно знаме кое велите дека е албанско национално знаме.

Тргнувајќи од членот 5 и од содржината на овој закон дефинитивно со ова не се решава прашањето на употребата на албанското знаме односно знамето на етничките заедници, меѓутоа, како што е наведено во овој закон факт е дека употребата на знамињата на другите етнички заедници се сведуваат на употреба во 5 или 6 општини на територијата на Република Македонија каде претставуваат мнозинство, а од друга страна во сите оние територии или во сите оние општини за кои зборувавме при донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија ќе се вее албанското знаме при официјални посети од страна на странски официјални личности и на градоначалник на таа општина и на сите органи или институции кои имаат седиште на територијата на таа општина.

Овој закон е директно против уставен закон.

Понатаму, што треба да се изрази преку ова знаме? Ако треба да се изрази етничката припадност на поединецот како дел од колективитетот, јас прифаќам дека секој поединец во Република Македонија има право како граѓанин на оваа држава слободно, без притисоци да може да го искаже и да ја изрази својата национална припадност, односно својот национален идентитет.

(Во 17,41 часот, со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

Тоа може да го направи со идентификација со колективитетот на кој што припаѓа односно како припадник на албанската етничка заедница. Се разбира, тука мислам и на другите етнички заедници, меѓутоа, опростете, во сите овие закони што ги носиме во Македонскиот Парламент единствено што се води сметка е тоа кога има интерес само албанската заедница за некои прашања процентот е над 20%, кога треба да се води сметка за интересите на останатите етнички заедници како што е наведено во Преамбулата каде се изедначени сите делови од народите кои живеат во Република Македонија вклучувајќи го тука и Македонскиот народ кој е издвоен и кој треба да покаже дека Република Македонија е држава во која носител на суверенитетот е Македонскиот народ односно граѓаните на Република Македонија кои се припадници на Македонскиот народ, вие заборавате тоа да го спомените и постојано зборувате за држава која што не е ниту граѓанска, не е ниту држава на Македонскиот народ, а не знам, зборувате за мултикултурна држава.

Се согласувам со вас дека во Македонија како држава на граѓаните на Република Македонија секој национален идентитет треба да има право да ги остварува своите културни и други права. Меѓутоа, не на штета на целокупноста, во смисла

на суверенитет на Република Македонија, значи, полн суверенитет. На овој начин сметам дека постои делење на суверенитетот кој што произлегува од граѓаните на Република Македонија по една друга основа, односно издвојување на етничката заедница која што е над 50% на одредена територија која што со овој закон не е утврдена, затоа што ако зборуваме објективно, тогаш треба да зборуваме кои знамиња ги користат општините. Ние имаме Закон за локална самоуправа каде што пишува дека општината има свое знаме. Дали со ова вие етничката заедницата истакнувајќи го нејзиното знаме пред општината, пред јавните претпријатија основани од општината, пред јавните претпријатија основани од државата, пред државните институции кажувате дека етничкиот колективитет има значење кое што е посилно од институцијата општина, или единица на локална самоуправа. Ќе ве потсетам, Закконот за локална самоуправа се донесе со 2/3 мнозинство, а истовремено имате член од Уставот кој што директно ве упатува дека официјалната употреба на државно знаме, а државно знаме се употребува при официјални посети на странски државници, го прочитав она што го наведувате во законот, може да се донесе само со 2/3 мнозинство. Затоа ова што се предлага од страна на Владата целосно е неуставно од една страна, а од друга страна не го решава прашањето за носителот на суверенитетот во Република Македонија, затоа што на овој начин се проблематизираат граѓаните како носител на суверенитетот , а не се ограничува употребата на знамињата на етничките заедници само во делот кој што претставува израз на нивниот национален и културен идентитет, туку преминува и во делот каде што треба да означува нешто друго, а тоа е некаков суверенитет, или политичка автономија на овие етнички заедници на територијата каде што тие претставуваат мнозинство. Така впорчем е наведено и во самиот закон.

Од друга страна се поставува прашањето, дали во Република Македонија албанците како граѓани на оваа одржава, или како што самите се нарекуваат, односно се определуваат како дел на албанскиот народ преку употребата на албанското знаме, односно на албанското државно знаме сакаат да постигнат други цели освен изразувањето на својот културен идентитет. Дали преку употребата на нивното знаме кое што претставува знаме на државата Република Албанија не сакаат да покажат дека се оправдани некои стравувања кои што ги имаат другите граѓани на Република Македонија, односно опасноста од оживување на некои идеи кои што сметаме дека се ставени во минатото. Дали со ова не значи некакво обележување на определени територии во кои што ќе се покаже дека тука живееле албанци со историски традиции кои што имаат историско, или незнам какво друго право, тие територии утре, задутре, или незнам во кој временски период да припаднат на некои други држави, односно треба да ни дадете доказ господа припадници на етничките заедници дека Република Македонија ја чувствувате како своја држава, а ние ќе ви дадеме доказ дека Република Македонија, сите граѓани на Република Македонија сакаат да живеат заедно со вас и да ја градат заедничката држава во која што сите имаме подеднакви права и обврски. Тоа ќе се покаже преку овозможувањето на изразувањето на културниот, на националниот, на секаков друг идентитет, меѓутоа и со спречување на сите поврзувања кои што значат опасност за опстојувањето на Република Македонија како граѓанска држава и како држава која што има своја иднина. Од овие причини сметам дека праќањата кои што треба да бидат одговорени, незнам од ваша страна, затоа што вие барате она што сакате како крајна цел да го остварите и за она што почнавте да се борите многу поодамна не само во 2001 година, туку прашањето на прифаќањето од страна на Владата на ваквите решенија кои што директно засегаат по државно-правниот карактер на Република Македонија. Сметам дека ова е прашање кое што не треба да помине така бегло, кон кое што треба да се пристапи со посебно внимание од страна на сите политички субјекти не само од страна на коалиционите партнери во Владата, затоа што обврските кои што произлегуваат од Рамковниот договор и обврските кои што се наведени во Уставот на Република Македонија апсолутно немаат никаква допирна точка освен во еден мал дел со овој закон кој што е предложен од страна на Владата. Затоа најдобро е во овој момент да биде повлечен овој закон, ова прашање да биде решено на начин кое што нема да предизвика долгорочни штети по иднината на Република Македонија, по остварувањето на правата на етничките заедници во Република Македонија, по изразувањето на суверенитетот на носителот на суверенитетот во Република Македонија , тоа се граѓаните на Република Македонија , тоа е македонскиот народ како носител на суверенитетот заедно со сите други граѓани кои што припаѓаат како делови на други народи во Република Македонија. Да не должам, затоа што времето ме ограничува. Пред да се навратам на прашања кои што значат последици кои што би се предизвикале со овој закон, сакам да апелирам до сите дека иднината на Република Македонија не е во тоа какво знаме ќе се вее, туку што тоа значи. Дали значи веењето на знамето на Република Македонија нешто добро за Република Македонија и за албанците во Република Македонија, или не. Дали тоа значи решавање на крупните политички прашања кои што засегаат по иднината на Република Македонија, или не. И дали тоа значи правец во кој што Република Македонија треба да се движи и во кој што заеднички треба да градиме иднина како граѓанска држава која што ги почитува принципите на владеењето на правото, демократските принципи и вредности. Ако на овие прашања не се одговори позитивно, јас не ја гледам смислата од било какво донесување на ваков закон.

Она што беше кажано од страна на заменик министерот, дека овој закон се носи без притоа да се влијае на суверенитетот на државата, односно да се негира овој суверенитет, дали се однесуваше на насловот на овој закон, или се однесуваше на решенијата кои што се предвидени со овој закон, не знам. Меѓутоа, она што досега го искажав сметам дека е доволно Министерството за правда уште еднаш да ја преиспита пред се уставната заснованост, а да не зборувам за политичките импликации кои што треба долгорочно да ги има овој закон. Затоа уште еднаш апелирам и барам од Владата да го повлече овој закон, затоа што ваков закон каков што се предлага никој не добива, губи и Република Македонија и граѓаните на Република Македонија, меѓутоа губат и претставниците на етничките заедници кои што на ваков начин не го решаваат овој проблем, затоа што проблемот на етничките заедници не е во тоа дали во општина Дебар покрај македонското ќе се вее и знамето на општина Дебар и знамето на Албанија, туку прашањето на нивните права е во однос на исполнувањето на обврските од страна на државата кон сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги и припадниците на етничките заедници и во поглед на нивните економски права, меѓутоа и во поглед на реалното остварување на нивниот национален и културен идентитет.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Стојаноски, да бидам формален, еве ќе дадам една мала реплика, односно еден совет. Пред се мислам дека за утре треба малку да погледаме по интернет, по енциклопедии што е дефиниција на суверенитет.  И мене ми е жал што и Владата влегува во таква замка и овде спомнува суверенитет во врска со знамето.

Второ, стравот што го спомнавте е субјективна категорија како и многу други термини што ги спомнавте како што се субјективни категории, а кога расправаме за субјективни категории, тогаш сме на доста лизгав терен, тогаш можете само да кажете дека тоа е ваш став.

За реплика се јави господинот Јусуф Арифи.

**Јусуф Арифи:** Благодарам господине претседателе, и покрај тоа што немав намера да реплицирам на господинот Блаже Стојаноски, меѓутоа на крајот тој повтори, ако се повлече овој закон ќе биде за доброто на граѓаните на Република Македонија, ќе биде за доброто на сите етнички заедници кои што живеат во Република Македонија. Јас мислам дека токму спротивното е, ако се гласа овој закон, бидејќи е услов за да завршиме со имплементирањето на Охридскиот рамковен договор кој секогаш бил со приоритет во барањата за процесот на интеграција на Република Македонија. Тогаш, тоа значи дека ние треба да бидеме посериозни и сите треба да се ангажираме за реализација на тој Охридски рамковен договор независно дали сме во позиција, или опозиција. Јас мислам со овој закон ако се изгласа знамето на Република Македонија ќе има можност да се вее и во ЕУ и во НАТО и во сите други Евроатлански институции. Тоа значи дека ако ние се спротивставуваме на секој закон кој што потекнува од Охридскиот рамковен договор, тоа значи дека на некој начин ги зголемуваме пречките во реализирање на заедничките интереси кои што ги имаме како Република Македонија и тогаш навистина  не ми е јасно истовремено кажувате дека е во интерес на граѓаните, а многу јасно се гледа дека е против интересите на граѓаните ако се повлечат овие закони, односно реализација на Охридскиот рамковен договор. Ако ја постигнеме заедничката цел, тоа значи ќе биде интерес на граѓаните на Република Македонија и таму повеќе се македонци некаде околу 64%, значи тие ќе имаат повеќе интерес. Мислам дека вие треба да придонесете повеќе како опозиција независно од тоа што во овој случај играте многу голема улога. Еден обичен граѓанин ако се спротивстави на реализација на Охридскиот рамковен договор е проблем, а не вие како опозиција.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Абдилаким Адеми.

**Абдилаким Адеми:** Ви благодарам господине претседател. Претходниот говорник искажа една опасна теза кога рече дека во преамбулата на Уставот на Република Македонија се дефинира како носител на суверенoста македонскиот народ. Мислам дека никој го нема тоа право ниту Блаже Стојаноски сите други граѓани на Република Македонија да ги иземе од суверенoста на оваа држава. И вие со оваа теза господине ги иземате 45% до 50% од граѓаните на Република Македонија за да бидат носители на суверенoста на Република Македонија. Мислам дека ова е една опасна теза кога ќе се додаде на ова и проблемите кои ги имаме со соседите, почнувајќи со Србија, Бугарија и Грција. Вие со ова одите во самоизолација. И убеден сум дека другите припадници на македонскиот народ не го мислат ова како што се изразувате вие кога велите дека само македонскиот народ е носител на суверенoста на Република Македонија. И понатаму говорите кои се аргументите со кои вие ни докажувате дека сте лојален граѓанин на оваа држава. Јас не знам какви други аргументи сакате, албанците плаќаат даноци, ги почитуваат законите кои ги донесуваме токму од овој Парламент, албанците излегуваат на слободни избори и носат легитимни претставници во овој Парламент. И мене ме иземате од суверенoста на државата, а јас сум пратеник овде заедно со другите, а претставувам еден народ и избирачи во оваа држава. Понатаму говорите дека со овој закон сакате да постигнете други тајни цели. Со овој закон не се постигнува ниту една друга цел, со овој закон се зајакнува интегритетот на државата, со овој закон се почитуваат симболите и државните, но и на другите етнички заедници. Бидејќи со овој закон се дефинира и употребата и на државното знаме, но и употребата на

знамињата на другите етнички заедници како што е утврдено со овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Амандман 4 од Уставот: Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници и кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, стои во преамбулата која што е со амандман 4 изменета.

Член 2 од Уставот гласи, дека граѓаните на Република Македонија се носители на суверенитетот на Република Македонија. И само на тој начин може да се гледа Република Македонија. Ако вие сметате дека со тоа што македонскиот народ е издвоен од деловите од другите народи кои што имаат, или немаат свои држави, тогаш тоа е ваш проблем, а не мој.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Да не ја отвараме старата приказна, дали преамбулата има нормативна сила, или не.

Ја прекинувам седницата, продолжението го закажувам за утре со почеток во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 18,00 часот).